Подгрупа: 1.1.2.7 Историски објекти
Тип: 1.1.2.7.1 Објекти во кој живееле или престојувале познати личности
-Индувидуален станбен објект на Народниот херој Михаило Апостолски на ул.,,Никола Карев,, бр. 36 **(**Решение за утврдување својство на споменик на културата бр.1001-179/1 од 23.02.1994 година од ЗЗСК Штип)

Класификација на добро:
Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.1 Споменик
Група: 1.1.2 Цивилен објект
Подгрупа: 1.1.2.8 Објекти на културата, науката и образованието
Тип: 1.1.2.8.14 Училиште
-Училиште во кое учителствувал Гоце Делчев во Ново Село , 1894-1896 година на ул.,,Димитар Влахов,,бб **(**Решение за утврдување својство на споменик на културата бр. 1001-23/1 од 23.02.1994 година од ЗЗСК Штип)

Урбан реон-Југ, четврт 05
Класификација на добро:
Класа: 1. Недвижно културно наследство;
Вид: 1.1 споменик;
Група: 1.1.1 Верски објект;
Подгрупа: 1.1.1.3 Градби на христијанската религија
Тип: 1.1.1.3.1 Црква (храм)
-
Класификација на добро:
Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.1 Споменик
Група: 1.1.4 Група гробни објекти
Подгрупа: 1.1,4.1 Гробни објекти и надгробни споменици
Тип: 1.1.4.1.1 **Црква ,,Св. Троица,, (Чепреганова)** **(**Решение за утврдување својство на споменик на културата бр. 1101-129 од 18.09.1997 година од ЗЗСК Штип)

Гроб, гробница (гробна хумка, тумул, могила)
-Еврејски гробишта **(**Решение за прогласување на недвижното добро за значајно културно наследство бр. 08-811/6 од 26.05.2009 година)
Урбан реон-Југ, четврт 06 нема заштитено недвижно добро
Урбан реон-Југ, четврт 07 нема заштитено недвижно добро
Урбан реон-Југ, четврт 08 нема заштитено недвижно добро

Урбан реон-Исток, четврт 02

Класификација на добро:
Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.1 Споменик
Група: 1.1.2 Цивилен објект
Подгрупа: 1.1.2.7 Историски објекти
Тип: 1.1.2.7.1 Објекти во кој живееле или престојувале познати личности
-Индувидуален станбен објект на Народниот херој Славчо Стојменски на ул.,,Славчо Стојменски,, бр. 29 (Решение за утврдување својство на споменик на културата бр. 1001-24/1 од 23.02.1994 година од ЗЗСК Штип)

Забелешка: Во останатите Урбани реони со нивните четврти нема заштитено недвижно добро

4.2. Инвентар на незаштитени недвижни добра што заслужуваат да бидат ставени под заштита во границите на опфатот на Заштитно-конзерваторските основи

Инвентарот на незаштитени недвижни добра даден е според поделбата на Урбани реони на ГУП на град Штип 2014-2024 година.

Податоците за незаштитените недвижни добра се дадени во табеларен преглед во *Прилог 2*. Инвентарна листа на незаштитени недвижни добра во границите на ГУП на град Штип (2014-2024).

Инвентарот на незаштитените недвижни добра прикажан е во графичкиот прилог:
Лист 02-Инвентар на незаштитени добра

Урбан реон-Центар, четврт 01

Споменик на слободата
Каменик Мост

Урбан реон-Југ, четврт 01

Станбен објект на ул.,,Страшо Пинџур,, бр. 2 и 4
Објект ,,Старо радио Штип,, ул.,,Мирче Ацев,, 66.

Урбан реон-Југ, четврт 04

Куќа на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 83
Куќа на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 49
Куќа на ул.,,Ѓуро Ѓаковиќ,, бр. 4
Куќа на ул.,,Никола Карев,, бр. 4
Куќа на ул.,,Никола Карев,, бр. 6
Куќа на ул.,,Никола Карев,, бр. 22
Куќа на ул.,,Никола Карев,, бр. 24
Куќа на ул.,,Никола Карев,, бр. 20
Куќа на ул.,,Димитар Влахов,, бр. 74

Урбан реон-Север, четврт 03

Железничка станица, Штип
Забелешка: Во останатите Урбани реони со нивните четврти нема незаштитени добра што заслужуваат да бидат ставени под заштита.

5. Оценка на состојбата на просторот и на културното наследство

5.1 Анализа на просторниот развој

Приказ на историскиот, урбаниот и други аспекти на развојот на градот

Во источниот дел на Република Македонија меѓу планинските гребени на Осогово, Плачковица, Церта, Слан дол, Градишлански планини и Жанговица лежат пространите Овчеполска,

Кочанска и Лакавичка котлини. На тромеѓе на овие котлини, меѓу височините Исар, Мерите и Кумлак на северозапад, запад и југозапад, по должина на двата брега на р. Отиња се наоѓа градот Штип. За значењето на градот придонесуваат неговата местоположба и сообраќајната поврзаност со патните правци Штип-Велес, Штип-Струмица како и железничката линија Кочани-Скопје. Благодарејќи на положбата Штип сегогаш бил најважен административен, културен и општествено-економски центар на Источна Македонија.

По Втората Светска војна Штип не се ширел површински туку постоечките турски куќи ги завземало и обновувало македонското население. Куќите формирале маала кои се нарекувале според местото или според населението кое живеело. Градот после 1954 добива регулационен план според кој добива нов современ лик.

Градот Штип е јасен пример на населба чиј постанок , функција и територијален развој секогаш ги диктирале определени општествено-историски услови и во зависност од нив, градот напредувал или опаѓал.

Штип во праисторијата и во антички период

Градот Штип, чие најстаро име било Астибо е еден од постарите градови во Македонија. Како градска населба, цивитас, се појавува во римскиот период од владеењето на Македонија. Основан е од Пеонците за време на римскиот император Тиберие (14-37). Како Астибус, Штип е обележан уште во 4 век во картата на Пеониа (Табула Пентингериана) како станица на патот Стоби-Панталиа. Остатоците од антички град на место каде сега се наоѓаат селата Таринци и Карбинци и пронаоѓањето на надгробна плоча со натпис укажуваат на постоењето на градот Баргала на ова место. Некои научници сметаат дека античкиот Астибо се наоѓал на местото каде денес се наоѓа Исарот.

Со поделбата на Римската империја на два дела во 395 година Штип останал во Источното Римско Царство, односно Византија. Византијците го прекрстиле градот од Астибо во Стипион. Од 4 до 7 век силни варварски племиња: Готи, Авари, Словени го поминуваат Дунав и ја напаѓаат византиската земја, прво за ограбување, а потоа за населување и владеење на тие области. Најмногубројни биле племињата од група Јужни Словени кои до крајот на 7 век го населиле целиот Балкански Полуостров. По долината на р. Брегалница се спуштало јужнословенското племе Сагудати и се населило во централниот дел на Македонија, приспособувајќи го византиското име Стипион во Штип. Доаѓањето на Сагудатите било проследено со грабежи при што градот бил урнат, а населението се повлекло во планините, каде живееле номадски живот занимавајќи се со сточарство. Со населувањето Сагудатите го примиле христјанството преку византиски мисионери.

Во 9 век Штип паѓа под бугарска власт и под неа останува до 969 година. За оваа владеење се наоѓаат податоци во Климентовото житие каде стои податок дека во 80-тите години на 9 век бугарска власт била над цела Македонија. Под бугарска власт во времето на цар Борис (852-889) Македонците биле покрстени од страна на браќата Кирил и Методиј кои ја составиле првата словенска азбука, глаголицата. Со создавањето на првата македонска држава на чело со царот Самоил и неговите наследници (976-1018) Штип влегува во границите на Самоиловата држава и останува во неа се до крајот 1014 година кога војските на византискиот цар Василие ИИ го освоиле Штип, Прилеп и Битола.

Штип под немањичка власт

По пропаѓањето на Самоуловата држава имало многу востанија и вооружени судири се до паѓањето на Штип под српска власт која особено била силна за време на владеењето на Урош ИИ Милутин (1282-1321) се до доаѓањето на Турците 1395 година.

По смртта на Милутин, Штип бил кратко пак под Византија за да по кратко време дојде на чело српски крал Стеван Урош ИИИ наречен Дечански (1321-1331), па потоа протосевастор Хреља. За негово време е подигната црквата Св. Архангел Михаил под Исарот, која народот денес ја вика Фитијата.

По Хреља во Штип доаѓа Јован Оливер за време на цар Душан (1331-1355), кој го подига манастирот Лесново во 1341 година и црквата Св. Никола во Штип, која во тоа врема била мала базилика, а сегашниот изглед го добива со надградување во 1867 година.

Штип под турска власт

Во 1395 година Турците го освојуваат Штип и градот територијално припаднал на Скопскиот санџак, а во црковен поглед потпаѓал под јурисдикција на Пеќската патријаршија.Турскиот патеписец Евлија Челебија пишувал за неговиот престој во Штип и во Ново Село во 1661 и 1670 година. Според него Штип бил убав град со тврдина на едно ритче, џамии, бањи, голем карван-сарај и малечка река што тече од планина и преку лето пресушува.

Во тоа време Штип бил турски административен и судски центар, воена тврдина и вакавско место. После неуспешните војни на Турција со Австрија и Русија во 17 и 18 век, дури во 19 век Штип зајакнува стопански, со населување на населението од селата во градот и развојот на занаетчиството и трговијата. Бидејќи бил на раскрсница на важни патни линии во Штип трговијата се развила и цутела се до изградбата на железничката линија Солун-Скопје 1873 година, кога ја губи својата улога на транзитен центар. Најразвиени биле кожарскиот, кујунџискиот, чевларскиот, ковачкиот, абаџискиот, грнчарскиот, фурнаџиски и други занаети. При крајот на 19 век биле регистрирани 529 занаетчиски дуќани, организирани во еснафски организации кои често биле носители на многу манифестации и акции: доставување на суровини, подигање на чешми, цркви и училишта, приредување на карневали, одржување на еснафски прослави, раководење на црковно-училишни настани, помагање на семејства, школување на децата на посиромашните, приредување на излети.

Цариградската грчка патријаршија имала влијание врз христјанското население во турската империја со наметнување на грчкиот јазик во училиштата и црквите.

Економскиот напредок и појава на богата буржоазија во средината на 19 век, условиле да почне движењето за ослободување од влијаниеето и владеењето на Цариградската патријаршија. Штипјани покрај сето влијание сепак го задржале својот дух и јазик и пишувањето со црковни словенски букви. Во 1867 година била обновена црквата Св. Никола од штипските чорбациии и еснафи, како дел од борбата против Патријаршијата. Покрај на црковно поле штипјани се бореле и на културно-просветно и образовно поле, за користење на македонскиот јазик. Се смета дека во 1830 година е отворено првото народно училиште во Штип, иако во Ново Село постоело училиште уште од 1820 година во дворот на црквата Св. Богородица и се викало ,,Успение Богородично". Второто училиште се викало ,,Св. Кирил и Методиј" основано 1878 година. Во овој период во Штип учителствувале повеќе познати педагози и народни учители: Јосиф Ковачев, Ѓорче Петров, Гоце Делчев и Даме Груев.

Во овој период се развива и револуционерното движење за ослободување од поробувачите. Се создаваат низа револуционерни кружоци, а првиот во Штип е формиран од Ѓорче Петров, додека бил учител во Штип во 1895 година, а по него Делчев ја продолжува неговата работа како учител и револуционер. Во тоа време во Штип почнала организациона подготовка, познатата ,,бомбашка афера" и многу други настани кои покажувале дека се зголемува и организира вистински отпор на населението за ослободување. По задушувањето на Илинденското востание и во периодот на двете Балкански војни во Штип како и во цела Македонија се менувале окупаторите на македонскиот народ. По Првата светска војна жителите на Штип живееле во крајна беда и сиромаштија. Тоа ги натерало да формираат партиски организации. Првата партиска организација во Штип е формирана на 7 септември 1919 година.

Со започнувањето на Втората светска војна и фашистичката окупација Штип потпаѓа под бугарската власт. Во 6-то априлскиот напад германската авијација покрај Скопје и Битола го бомбардирала и Штип. Во годините од Втората светска војна Штип покажува голема револуционерна дејност со формирањето на партизански одреди и давање на голем отпор. Во историјата на градот е запишана и еврејската голгота. 119 семејства се депортирани во логорите на смртта. Познати младинци и народни херои се Ванчо Прќе и Славчо Стојменски.

По Втората светска војна Штип се обновува и бележи постепен но континуиран нагорен развој во сите сфери на дејствување, индустрија (чевларска, прехранбена, тутунска, обоена металургија, текстилна, градежни материјали), економија, сообраќај, градежништво, шумарство, трговија, угостителство и туризмот, занаетчиство и развој на школството и здравството и др.

Ново Село-Штип

Се уште не се пронајдени пишувани материјали од кои би се дознало кога и од кого е основана оваа населба. Од турскиот пописен дефтер од 1519 година дознаваме дека кај реката Брегалница кај Ново Село постоел мост кој заедно со населбата биле вакаф на

султанот Бајазит - хан (1389-1402). Во тоа време во населбата живееле 21 христјански домаќинства.

За време на султанот Мурат ИИ (1421-1451), поради стратегиски важната положба на Ново Село, е донесен ферман со кој тоа се прогласува за војничка и чуварска населба и добива посебни права и привилегии: де се грижат, како чувари, за патот и мостовите.

Како резултат на таквата привилегираност на жителите, веќе во почетокот на 18 век Ново Село претставува значителна населба во која живее и штипскиот митрополит кир Ефрем. Таквиот статус на новоселците, сите биле Македонци, многу позитивно влијаел на нивниот економски, културен и политички живот, достигнувајќи расцут во 20 век кога живееле голем број од побогатите и прочуени стари семејства кои се занимавале со занаетчиство и трговија.

Топографската положба диктирала во Ново Село да се развијат три градежни групации на објекти распоредени по падините на Исар, Кумлак и Мерите. Овие групации комуникативно се поврзани со два моста на двете реки во една неделива целина. Од првата половина на 20 век за Ново Село се сметаат само двете градежни групации на објекти распослани амфитеатрално по Кумлакот и Мерите.

Крајот на турското владеење 1912 година Ново Село го дочекува со околу 700 куќи. Оттогаш до денес нивниот број осетно е намален, состојбата на најголем број на останатите куќи е доста лоша.

Во градителската целина се издвојуваат два простора кои ја имале улогата на општествените центри. Едниот е покрај црквата ,,Св. Богородица" а другиот е месноста ,,Јавор" која излегува на реката Брегалница.

- Урбана групација кај црквата Св. Богородица

Една од најмаркантните урбани групации е ансамблот на црквата Св. Богородица. Тој се состои од црквата Св. Богородица со пространиот двор, црквениот конак и училишната зграда. На оваа групација од југозападната и јужната страна се надоврзуваат репрезентативни станбени куќи. Во ансамблот посебно се истакнува црквата со црквениот двор, каде што тремовите на црквата се поврзуваат со дворот, обработен во партерот со камени плочи, збогатен со лозници и чешми. Мошне интересна архитектура има и зградата на црквениот конак (сега реконструиран) која го сочувала својот стар изглед и живописно се надоврзува на црквениот двор. Доградбата на конакот од јужната страна го нарушува единството на архитектонскиот склоп. Исто така, и обработката на дворот со бетонски и асфалтни површини го нарушува единството на партерот и е туѓа во ваква средина. Се истакнува и архитектурата на црквената порта и оградените ѕидови кои се делумно урнати.

5.2 Анализа на постојната состојба

5.2.1 Приказ на фактичката и правната состојба на споменичкото наследство

Во однос на разместеност и класификацијата на заштитените недвижни добра состојбата по Урбани реони од ГУП на град Штип 2014-2024 е следна:

Урбан реон- Центар има заштитени недвижни добра: 4 верски објекти, 1 археолошки локалитет, 1 споменичка целина, 19 цивилни објекти, 1 мост, сите со акт за заштита.

Урбан реон- Југ има заштитени недвижни добра: 1 споменичка целина со 12 цивилни објекти, 4 верски објекти и 1 споменик *ex леге*

Урбан реон- Запад нема заштитени недвижни добра

Урбан реон- Север нема заштитени недвижни добра

Урбан реон- Исток нема заштитени недвижни добра

Актите за заштита се донесени според законот за заштита на спомениците на културата од 1973 година или уште постари прописи. Иако овој Закон содржел солидни стручни правни основи за заштита на спомениците на културата и бил делумно усогласен со меѓународните документи и стандарди, покажал и низа слабости кои негативно се одразиле на целината на системот на остварување на заштитата на културното наследство на РМ.

Актите за утврдување својство споменик на културата, кои сеуште важат за најголем дел од заштитените недвижни добра во опфатот на овие Заштитно-конзерваторски основи,

содржат многу малку податоци, често само назив без точна просторна идентификација, нема класификација и категоризација на добрата, никаде не се утврдени контактни зони, како ни конкретен режим за заштита. Во таа смисла, може да се констатира дека скоро целокупното заштитено културно наследство во опфатот на ГУП на град Штип, во моментот е формално заштитено со правни акти, но таквата заштита е нецелосна и недоволно прецизна.

Законот за заштита на културното наследство, кој почна да се применува од 1 јануари 2005 година, предвидува постапка за ревалоризација на сите споменици на културата, во рамките на која се изработуваат елаборати за ревалоризација со кои треба да се оцени оправданоста за продолжување на заштитата. Доколку добрата и понатаму остануваат под заштита, со елаборатите се утврдуваат назив, граници, класификација, категорија и режим на заштита на доброто, како и граници на контакни зони и режим на заштита за нив. За 7 недвижни добра се изработени Елаборатите за ревалоризација и имаат својство на значајно културно наследство.

Спомениците Ењ леге се утврдени како заштитени добра со Законот за заштита на културното наследство, според фунцијата на чување или изложување на движно културно наследство. До отпочнувањето на примената на овој Закон, истите биле незаштитени добра. Статусот на заштитени добра го добиваат по автоматизам, без спроведување на постапки за валоризација, како што е предвидено за другите незаштитени добра.

5.2.2 Степен на зачуваност односно оштетеност на споменичкото наследство

Состојбата на културното наследство во опфатот на ГУП на град Штип е различна, во зависност од видот на добрата, степенот на нивната истраженост и документираност, постоењето на претходни конзерваторско-реставраторски работи и други мерки на непосредна заштита, како и загрозеноста на добрата од се поинтензивните процеси на урбанизација особено во централното градско подрачје. Од недвижното наследство во лоша состојба се наоѓаат: споменичката целина на ул.,,Гоце Делчев,,, 1 цивилен објект, 1 верски објект.

Битно за Штип е градителската целина Ново Село која брои околу 310 куќи. Станбенте објекти се градени од 19 век до прва половина на 20 век и куќи градени во поново време. Објектите за живеење од 19 век се дотраени и нема потребни можности за живеење. Тие по своите архитектонски квалитети заслужуваат да бидат сочувани со потребни интервенции кои ќе овозможат овој станбен фонд да се користи за едно современо живеење. Еден дел од објектите се сосема видоизменети, а поголем дел го имаат автентичниот изглед, но се во лоша состојба. Сепак направените промени не се големи до тој степен да го нарушат целокупниот амбиент, бидејќи и новоизградените објекти неотстапуваат од габаритот и висината. Во целината има 14 заштитени добра и 9 кои ќе бидат валоризирани.

Во центарот на градот има заштитени 7 цивилни објекти кои прават градско јадро, сите градени во триесеттите години на 20 век.Овие објекти се во добра состојба, но треба интервенција на фасадите. Верските објекти се во добра состојба, освен Хуса Мединпашината џамија.

5.2.3 Надлежни субјекти за заштита и управување со споменичкото наследство

Надлежни субјекти за заштита и управување со културното наследство се: Управата за заштита на културното наследство (Министерство за култура на Република Македонија), НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Штип, Општина Штип во делот на урбанистичкото планирање и уредување на просторот, издавање на одобренија за градење.

5. Мерки на заштита

6.1. Валоризација

Валоризацијата според Законот за заштита на културното наследство е стручна и научна процена на вредностите и својствата на добрата според утврдени критериуми, во функција на нивно ставање под заштита и подведување под соодветен режим на заштита.

Со валоризацијата се утврдуваат: назив, граници и категорија на заштитено добро; класификација на доброто; граници на контактната зона; режим на заштита за доброто и контактната зона.

Во врска со валоризацијата, Законот за заштита на културното наследство ги дефинира следните поими:

- **Заштитено добро** - добро за кое е воспоставена заштита на начин утврден со овој закон.
- **Контактна зона** - простор околу недвижноста што е од значење за зачувување на нејзиниот историски контекст, со режим на заштита различен од режимот на заштита на недвижноста што е предмет на заштита.
- **Заштитено подрачје** - подрачјето во рамките на утврдените граници на заштитеното добро и неговата контактна зона.

Предмет на валоризација со овие Заштитно-конзерваторски основи се сите незаштитени недвижни добра дадени во Инвентарот на незаштитени добра што заслужуваат да бидат под заштита, освен археолошките наоѓалишта кои за потребите на основите само се евидентираат бидејќи постапката за нивна валоризација бара обемни дополнителни теренски истражувања. Освен тоа, предмет на валоризација се и дел од заштитените добра кои имаат статус на заштитени недвижни добра како Споменици Ęț леге поради нивната функција (архиви, музеи, библиотеки), но се предлага нивна заштита и како дела на архитектурата.

Со оглед на тоа што валоризацијата се врши за потребите на основите, а не според постапката утврдена со Законот за заштита на културното наследство, истата содржи предлози за: назив, граници и категорија на доброто што се предлага за заштита; класификација на доброто (вид, група, подгрупа и тип); граници на контактната зона; режим на заштита за доброто и контактната зона.

Во постапката за валоризација употребени се поими кои се утврдени со Законот за заштита на културното наследство и подзаконските акти, како и според Националната класификација на културното наследство во Република Македонија. Овие поими се објаснети во претходните поглавја на основите.

Во овој дел од текстуалниот приказ дадени се класификацијата и називите што се предлагаат за незаштитените недвижни добрата за кои со валоризацијата извршена во овие основи е оценето дека треба да добијат статус на културно наследство односно да бидат заштитени добра, како и кратко образложение за нивните општи вредности, својства и значење. Сите други податоци содржани се во табеларните прегледи на крајот од ова поглавје.

Податоците за добрата за кои со валоризацијата се предлага да добијат статус на културно наследство односно да бидат заштитени добра, дадени се по Урбани реони од Документацискатa основа на ГУП и по Заштитени подрачја што се предлагаат со овие основи.

Границите на Заштитените подрачја се истовремено и граници на контактната зона на доброто или добрата што се предлагаат за заштита. Овие граници се дадени во текстот описно и со координати (прилог на крајот на поглавјето).

Во графичкиот прилог: **Лист 04 -Валоризација**, прикажани се сите незаштитени недвижни добра за кои со овие Заштитно-конзерваторски основи се предлага да добијат статус на културно наследство, со границите на Контактните зони односно Заштитените подрачја.

6.1. Валоризација

Во рамките на заштитеното подрачје постојат 11 цивилни објекти, еден споменик ех леге, Железничка станица, Каменик мост, Споменик на слободата за кои не е донесено решение, а основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство, односно поседуваат елементи и треба да бидат валоризирани, категоризирани и за кои ќе биде определен соодветен режим за заштита.

Урбан реон- Центар

Во Урбаниот реон-Центар со валоризација е оценето дека има едно недвижно добро кое треба да добие статус на културно наследство и за истото се предлага:

Заштитено подрачје-**Каменик мост** на р. Отиња во централното градско подрачје, над коритото со КП 11109/1 на реката Отиња и ги спојува двете главни улици ,,Маршал Тито,, со КП 6774/1 и ,,Михајло Апостолски,, со КП 8352/1

Класификација на добро :
Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.1 Споменик
Група: 1.1.2 Цивилни објекти
Подгрупа: 1.1.2.12 Јавни градежни и комунални објекти
Тип: 1.1.2.12.16 Мост

Спомениkот Каменик мост е изграден во почетокот на 20 век.
Општи вредност: урбанистичка вредност, техничка, градежничка
Својства: автентичност, зачуваност, интегралност
Функција: комуникациска
Значење: историско, техничко, општествено

Заштитено подрачје-**Споменик на слободата** под тврдините на археолошкиот локалитет ,,Исар,, од исток, на КП 7323/1
Класификација на добро:
Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.1 Споменик
Група: 1.1.2 Цивилни објекти
Подгрупа: 1.1.2.6 Архитектонско-скулптурални објекти
Тип: 1.1.2.6.3 Меморијален споменик

Спомениkот на слободата е изграден 1974 година.
Општи вредност: архитектонска, историска, меморијална, уметничка
Својства: автентичност, зачуваност, интегралност
Функција: културна, воспитно-образовна
Значење: културно - историско, општествено, уметничко

Урбан реон- Југ четврт 01

Заштитено подрачје **-Станбен објект на ул.,,Страшо Пинџур" бр. 2 и 4**
КП 8353 Контактна зона: На северозапад точка со координати X 599 829; S 622 129 до точка на североисток со координати џ 599 872; s 622 142, точка на југоисток џ 599 880; s 622 098, точка на југозапад x 599 830 s 620 089.
Класификација на добро:
Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.1 Споменик
Група: 1.1.2 Цивилни објекти
Подгрупа: 1.1.2.5 Станбени објекти
Тип: 1.1.2.5.5 Куќа

Станбен објект на ул.,,Страшо Пинџур, бр. 2 и 4 е изграден 1932 година.
Општи вредност: архитектонска, урбанистичка,
Својства: автентичност, зачуваност, интегралност
Функција: станбена
Значење: културно-историско, општествена

Заштитено подрачје-**Објект- Старо радио Штип,** КП 8405, контактна зона: на север и на запад со КП 8392, исток КП 8391, 8406, на југ 9891/1, 9891/3.
Класификација на добро:
Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.1 Споменик
Група: 1.1.2 Цивилни објекти
Подгрупа: 1.1.2.8 Објекти на културата, науката образованието
Тип: 1.1.2.8.20 Други објекти на културата, образованието и науката

Објект-Старо радио Штип, е изграден 1959 година.

Општи вредност: документарна, историска, пејзажна
Својства: автентичност, зачуваност
Функција: културна, информативна
Значење: културно-историско, општествено

Урбан реон- Југ четврт 04

Објекти во заштитената градителска целина Ново Село, Штип
-Куќа на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 83, КП 9069, КО Штип 4

Класификација на добро:
Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.1 Споменик
Група: 1.1.2 Цивилни објекти
Подгрупа: 1.1.2.5 Станбени објекти
Тип: 1.1.2.5.5 Куќа

Куќа на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 83, изградена: крај на 19 век.
Општи вредност: архитектонска, историска,амбиентална
Својства: автентичност, зачуваност,интегралност,старост
Функција: станбена
Значење: културно-историско, општествено

- Куќа на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 49 КП 8844, КО Штип 4
Класификација на добро:
Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.1 Споменик
Група: 1.1.2 Цивилни објекти
Подгрупа: 1.1.2.5 Станбени објекти
Тип: 1.1.2.5.5 Куќа

Куќа на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 49, изградена: крај на 19 век.

Општи вредност: архитектонска, историска,амбиентална
Својства: автентичност, зачуваност,интегралност,старост
Функција: станбена
Значење: културно-историско, општествено

- **Куќа на ул.,,Ѓуро Ѓаковиќ,, бр. 4,** КП 8999, КО Штип 4
Класификација на добро:
Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.1 Споменик
Група: 1.1.2 Цивилни објекти
Подгрупа: 1.1.2.5 Станбени објекти
Тип: 1.1.2.5.5 Куќа

Куќа на ул.,,Ѓуро Ѓаковиќ,, бр. 4, изградена: крај на 19 век.
Општи вредност: архитектонска, историска,амбиентална
Својства: автентичност, зачуваност,интегралност,старост
Функција: станбена
Значење: културно-историско, општествено

- **Куќа на ул.,,Никола Карев,, бр. 4,** КП 8850, КО Штип 4
Класификација на добро:
Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.1 Споменик
Група: 1.1.2 Цивилни објекти

Подгрупа: 1.1.2.5 Станбени објекти
Тип: 1.1.2.5.5 Куќа

Куќа на ул.,,Никола Карев,, бр. 4, изградена: крај на 19 век
Општи вредност: архитектонска, историска,амбиентална
Својства: автентичност, зачуваност,интегралност,старост
Функција: станбена
Значење: културно-историско, општествено

-Куќа на ул.,,Никола Карев,, бр. 6, КП 8851, КО Штип 4
Класификација на добро:
Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.1 Споменик
Група: 1.1.2 Цивилни објекти
Подгрупа: 1.1.2.5 Станбени објекти
Тип: 1.1.2.5.5 Куќа

Куќа на ул.,,Никола Карев,, бр. 6, изградена: почеток на 20 век.
Општи вредност: архитектонска, историска,амбиентална
Својства: автентичност, зачуваност,интегралност,старост
Функција: станбена
Значење: културно-историско, општествено

-Куќа на ул.,,Никола Карев,, бр. 22, КП 8852, КО Штип 4
Контактна зона: на север и на исток оска на ул.,,Никола Карев,, на југ КП 8885 на запад КП 8884
Класификација на добро:
Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.1 Споменик
Група: 1.1.2 Цивилни објекти
Подгрупа: 1.1.2.5 Станбени објекти
Тип: 1.1.2.5.5 Куќа
Куќа на ул.,,Никола Карев,, бр. 22, изградена: крај на 19 век
Општи вредност: архитектонска, историска,амбиентална
Својства: автентичност, зачуваност,интегралност,старост
Функција: станбена
Значење: културно-историско, општествено

- Куќа на ул.,,Никола Карев,, бр. 24, КП 8884, КО Штип 4
Класификација на добро:
Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.1 Споменик
Група: 1.1.2 Цивилни објекти
Подгрупа: 1.1.2.5 Станбени објекти
Тип: 1.1.2.5.5 Куќа
Куќа на ул.,,Никола Карев,, бр. 24, изградена: крај на 19 век
Општи вредност: архитектонска, историска,амбиентална
Својства: автентичност, зачуваност,интегралност,старост
Функција: станбена
Значење: културно-историско, општествено

-Куќа на ул.,,Никола Карев,, бр. 20, КП 9010, КО Штип 4
Класификација на добро:
Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.1 Споменик
Група: 1.1.2 Цивилни објекти

Подгрупа: 1.1.2.5 Станбени објекти
Тип: 1.1.2.5.5 Куќа
Куќа на ул.,,Никола Карев,, бр. 20, изградена: почеток на 20 век
Општи вредност: архитектонска, историска,амбиентална
Својства: автентичност, зачуваност,интегралност,старост
Функција: станбена
Значење: културно-историско, општествено

-Куќа на ул.,,Димитар Влахов,, бр. 74, КП 9083, КО Штип 4
Класификација на добро:
Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.1 Споменик
Група: 1.1.2 Цивилни објекти
Подгрупа: 1.1.2.5 Станбени објекти
Тип: 1.1.2.5.5 Куќа
Куќа на ул.,,Димитар Влахов,, бр. 74, изградена: крај на 19 век
Општи вредност: архитектонска, историска,амбиентална
Својства: автентичност, зачуваност,интегралност,старост
Функција: станбена
Значење: културно-историско, општествено

Урбан реон- Север
Заштитено подрачје- **Железничка станица**, КП 1037, КО Штип 1
Контактна зона: на север КП 761/1 (железничка пруга), на исток и југ КП 1042, на југ КП 1036, на запад 965.
Класификација на добро:
Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.1 Споменик
Група: 1.1.2 Цивилни објекти
Подгрупа: 1.1.2.12 Јавни градежни и комунални објкети
Тип: 1.1.2.12.12 Железничка станица
Железничка станица е изградена 1926 година.
Општи вредност: архитектонска, документарна, историска
Својства: автентичност, зачуваност
Функција: јавна, комуникациска
Значење: културно-историско, општествено

Забелешка: Класификација на објектите е прелиминарна.
Во другите Урбани реони нема објекти за валоризација.

6.2. Ревалоризација

Ревалоризацијата, според Законот за заштита на културното наследство, е стручно и научно преоценување на вредностите и својствата на културното наследство, во функција на потврдување, проширување, засилување или намалување на дејството на заштитата, вклучувајќи и нејзино изземање или престанување.

Значењето на поимите: заштитено добро, контактна зона и заштитено подрачје, според Законот за заштита на културното наследство, појаснето е во точката 6.1. Валоризација.

Предмет на ревалоризација со овие Заштитно-конзерваторски основи се сите заштитени недвижни добра дадени во 4.1 Инвентарот на заштитени недвижни добра. За оние добра за кои со ревалоризацијата е оценето дека треба да останат под заштита, се предлага: назив, граници и категорија на доброто; класификација на доброто; граници на контактната зона; режим на заштита за доброто и контактната зона.

Во постапката за ревалоризација ќе бидат употребени поими кои се утврдени со Законот за заштита на културното наследство и подзаконските акти, како и според Националната класификација на културното наследство во Република Македонија, а за кои е

веќе дадено појаснување во точката 4.1. Инвентар на заштитени недвижни добра во границите на опфатот на Заштитно-конзерваторските основи.

Во овој дел од текстуалниот приказ дадени се класификацијата и називите што се предлагаат за заштитените недвижни добра за кои со ревалоризацијата е оценето дека треба да останат под заштита, како и кратко образложение за нивните општи вредности, својства и значење. Податоците за ревалоризацијата се дадени по Урбани реони од Документацискатa основа на ГУП и по Заштитени подрачја што се предлагаат со овие основи. Границите на Заштитените подрачја дадени се во текстот описно и со координати (прилог на крајот на поглавјето).

На крајот од текстот за секој Урбан реон наведено е дали има заштитени добра за кои со ревалоризацијата се предлага престанок на заштитата. Таму каде има такви добра, даден е список на истите со образложение на причините.

Во графичкиот прилог: Лист 05- **Ревалоризација**, прикажани се сите заштитени недвижни добра за кои со овие Заштитно-конзерваторски основи беше оценето дека треба да останат под заштита, со границите на Контактните зони односно Заштитените подрачја.

Урбан реон - Центар,четврт 01

Заштитено подрачје- **Безистен** (ревалоризирано добро)
КП 7511, Контактна зона: На север КП 7504, на исток КП 7514, на југ КП 7517/1, 7517/5, 7517/6 и 7517/2, на запад КП 7515/1, 7510/1, 7510/2.
Решение за прогласување на значајно културно Уп.бр.18-64 од 17. 03. 2014 год. донесено од Управата за заштита на културното наследство-Скопје

Класификација на доброто:
Класа 1. Недвижно културно наследство
Вид 1.1 Споменик
Група 1.1.2 Цивилни објекти
Подгрупа 1.1.2.11 Јавни и трговски објекти
Тип 1.1.2.11.2 Безистен

Безистен е изграден крај на 16 век и функционирал како Пазар за луксузни стоки. Еден краток период служел како затвор. До 1962 година служел како покриен пазар на град Штип за зеленчук, овошје и месо, а од 1963 година е уметничка галерија за македонска современа уметност.

Општи вредност: архитектонска, документарна, историска
Својства: автентичност, зачуваност, единственост
Функција: стопанска
Значење: културно-историско, општествено

Заштитено подрачје- **Црква ,,Св. Никола,,** КП 7492
Контактна зона: оска на ул.,,Гоце Делчев,, со КП 7153, КП 7469/2, на југ 6774/3 оска на ул.,,Маршал Тито,, и оска на ул.,,Тошо Арсов,, со КП 7493. адреса: ул.,,Тошо Арсов, бр. 3
(Решение за утврдување на споменик на културата бр. 1101-123/1 од 23.02.1994 ЗЗСК Штип)
Класификација на доброто:
Класа 1. Недвижно културно наследство
Вид 1.1 Споменик
Група 1.1.1 Верски објект
Подгрупа 1.1.1.3 Градби на христијанската религија
Тип 1.1.1.3.1 Црква (храм)

Црква ,,Св. Никола,, е изградена 1867 година од познатата градителска тајфа Ѓорѓи Новаков Џонгар. Трикорабна црква со галерија на катот (галерија на икони).

Општи вредност: архитектонска, уметничка, историска
Својства: автентичност, зачуваност, старост
Функција: верска
Значење: културно-историско, општествено

Заштитено подрачје - **Црква ,,Св. Архангел Михаил,, (Фитијата),** КП 7753 (нов број на КП 7170) контактна зона: На север ридот Исар , на исток КП 7752, на југ ул.,,Панче Гочев,,, на запад стаза-степеници кои водат кон Исарот адреса: Ул. ,,4 Македонска бригада,, бб , Штип**.** (Решение за утврдување својство споменик на културата бр. 1101-115/1 од 23.02. 1994 год. ЗЗСК Штип)

Класификација на добро:
Класа: 1. Недвижно културно наследство;
Вид: 1.1 споменик;
Група: 1.1.1 Верски објект;
Подгрупа: 1.1.1.3 Градби на христијанската религија
Тип: 1.1.1.3.1 Црква (храм)

Црква ,,Св. Архангел Михаил,, (Фитијата) е изградена пред 1332 година од протосевастот Хреља. Преставува голема крстообразана црква. Нема сочуван живопис.

Општи вредност: архитектонска, историска
Својства: автентичност, зачуваност, старост
Функција: верска
Значење: културно-историско, општествено

Заштитено подрачје - **Црква ,,Св. Архангел Главатов,,** КП 7023
контактна зона: на север оска на ул.,,Иво Лола Рибар,, со КП4794/1, на исток КП 7025/1, на југ 7026, на запад 7021 адреса: ул.,,Иво Лола Рибар,, бб
(Решение за утврдување на својство на споменик на културата бр. 1101-117/1 од 23. 02. 1994 од ЗЗСК Штип)

Класификација на добро:
Класа: 1. Недвижно културно наследство;
Вид: 1.1 споменик;
Група: 1.1.1 Верски објект;
Подгрупа: 1.1.1.3 Градби на христијанската религија
Тип: 1.1.1.3.1 Црква (храм)

Црква ,,Св. Архангел Главатов,, е изградена во 14 век и е еднокорабна градба со правоаголна основа и полукружна апсида.

Општи вредност: архитектонска, историска
Својства: автентичност, зачуваност, старост
Функција: верска
Значење: културно-историско, општествено

Заштитено подрачје- **Црква ,,Св. Јован,,** КП 7533
контактна зона: од север ридот Исар, од исток ридот Исар со КП 7323/1, од југ приватен објект со ул.,,Димитар Влахов,,, од запад ридот Исар и помошен објект.
адреса: Ул.,,Димитар Влахов,, бб, Штип
(Решение за утврдување својство на споменик на културата бр. 1101-59 од 23. 02. 1994 од ЗЗСК Штип)

Класификација на добро:
Класа: 1. Недвижно културно наследство;
Вид: 1.1 споменик;
Група: 1.1.1 Верски објект;
Подгрупа: 1.1.1.3 Градби на христијанската религија
Тип: 1.1.1.3.1 Црква (храм)

Црква ,,Св. Јован,, е изградена во 1350 година и е мала еднокорабна градба со тристрана апсида однадвор.

Општи вредност: архитектонска, историска
Својства: автентичност, зачуваност, старост
Функција: верска
Значење: културно-историско, општествено

Заштитено подрачје- **Саат кула,** КП 7007/1 контактна зона: КП 6998, 7000, 7008, 7002/2, 6997/2 адреса: ,,Кирил и Методиј,, бр.70
Решение за утврдување својство на споменик на културата бр. 1101-120/1 од 23.02.1994 година од ЗЗСК Штип
Класификација на добро:
Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.1 Споменик
Група: 1.1.2 Цивилни објекти
Подгрупа: 1.1.2.12 Јавни градежни и комунални објекти
Тип: 1.1.2.12.10 Саат-кула
Саат кула е изградена во 16-17 век. Првобитната намена на кулата била феудална беговска кула за живеење и одбрана.Во 19 век е пренаменета во Саат кула (градски саат). Во основа е квадратна со приземје и три ката.

Општи вредност: архитектонска, историска
Својства: автентичност, зачуваност
Функција: јавна
Значење: културно-историско, општествено

Заштитено подрачје- **Археолошки локалитет Исар,** КП 7323/1 Контактна зона: од исток ул.,, Гоце Делчев,, од запад р. Брегалница , од југ ул.,,Димитар Влахов,, и од север р. Брегалница. Адреса: месноста Исар
Решение за утврдување својство на споменик на културата бр. 0901-110/1 од 23.02.1994 година од ЗЗСК Штип Имотен лист: (поседовен лист 2027) КО Штип 1
Класификација на добро:
Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.2 Споменичка целина
Група: 1.2.2 Споменичка целина
Подгрупа: 1.2.2.1 Фортификациски целини
Тип: 1.2.2.1.3 Тврдина

Археолошки локалитет Исар настанат во среновековниот период 10-14 век со вкупна површина со 8,3 ха.

Општи вредност: археолошка, историска, пејзажна
Својства: автентичност, старост, зачуваност
Функција: научна
Значење: културно-историско, општествено

Заштитено подрачје - **Споменичка целина-објекти на ул.,,Гоце Делчев,, бр. 31, 33, 41 и 45**
Доброто со бр. 31 се наоѓа на КП 7428 Доброто со бр. 33 се наоѓа на КП 7427
Доброто со бр. 41 се наоѓа на КП 7408 Доброто со бр. 45 се наоѓа на КП 7405
Контактна зона: На север КП 7431, 7426/2, 7426/1, 7407/1, 7406, на исток КП 7373/1, на југ границата е долж оската на ул.,,Гоце Делчев,, и на запад КП 7450 и 7452.
(Решение за прогласување на значајно културно наследство Уп.бр. 18-217 од 18. 07. 2012 година донесено од Управата за заштита на културното наследство - Скопје)
Класификација на добро:
Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.2 Споменичка целина
Група: 1.2.1 Населени места
Подгрупа: 1.2.1.2 Делови од населби
Тип: 1.2.1.2.1 Градски кварт
Споменичка целина објекти на ул.,,Гоце Делчев,, бр. 31, 33, 41 и 45 се градени од 1860 до 1930 година во централно градско јадро спроти градската црква Св.Никола.

Општи вредност: архитектонска, урбанистичка, историска
Својства: автентичност, старост
Функција: станбена
Значење: културно-историско, општествено

Заштитено подрачје- **Објект на ул.,,Гоце Делчев,, бр. 3,** КП 7489
Контактна зона: од северната страна е КП 7484/4, на источната страна КП 7484/4 и 7488, на јужната страна КП 7497 и на западната страна 7498 и 7484/2.
(Решение бр. Уп.бр.18-219 од 03.07.2012 год. донесено од Управата за заштита на културното наследство, Скопје)
Имотен лист: Приватна имотен лист бр. 21553 од 26.03.2012 КО Штип 5

Класификација на добро:
Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.1 Споменик
Група: 1.1.2 Цивилни објекти
Подгрупа: 1.1.2.5 Станбени објекти
Тип: 1.1.2.5.5 Куќа
Објект на ул.,,Гоце Делчев,, бр. 3 е изграден 1932 година во класичен стил на градба.

Општи вредност: архитектонска, урбанистичка, историска
Својства: автентичност, старост
Функција: станбена
Значење: културно-историско, општествено

Заштитено подрачје-**Објект на ул.,,Гоце Делчев,, бр. 7,** КП 7478
Контактна зона: на запад е определена со КП 7491/1, на север 7477, на исток 7474 и 7473, на југ улицата ,,Гоце Делчев,,
(Решение бр. Уп.бр.18-218 од 03.07.2012 год. донесено од Управата за заштита на културното наследство, Скопје)
Имотен лист: Приватна имотен лист бр. 4315 од 2010 КО Штип 5
Класификација на добро:
Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.1 Споменик
Група: 1.1.2 Цивилни објекти
Подгрупа: 1.1.2.5 Станбени објекти
Тип: 1.1,2.5.5 Куќа
Објект на ул.,,Гоце Делчев,, бр. 7 е изграден 1933 година, класичен стил, приземана.
Општи вредност: архитектонска, урбанистичка, историска
Својства: автентичност, старост
Функција: станбена
Значење: културно-историско, општествено

Заштитено подрачје **- Објект на ул.,,Гоце Делчев,, бр. 55 и 57,** КП 7298 и КП 7299
Контактна зона: На север се граничи со оска на ул.,,Стив Наумов,, на исток КП 7259 и КП 7258, на југ е ул.,,Гоце Делчев со КП 9844 и на запад КП 7300 и КП
(Решение бр. Уп.бр.18-216 од 27.07.2012 год. донесено од Управата за заштита на културното наследство, Скопје)
Класификација на добро:
Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.1 Споменик
Група: 1.1.2 Цивилни објекти
Подгрупа: 1.1.2.5 Станбени објекти
Тип: 1.1.2.5.5 Куќа

Објект на ул.,,Гоце Делчев,, бр. 55 и 57 е изграден во крај на 19 век.

Општи вредност: архитектонска, урбанистичка, историска
Својства: автентичност, старост
Функција: станбена
Значење: културно-историско, општествено

Заштитено подрачје - **Објект - Митрополија на Брегалничка епархија**
КП 7469/2
Контактна зона: на северзапад оска на ул.,,Гоце Делчев,, со КП 7153, на север КП 7469/1, на исток 7470/2, на југ оска на ул.,,Тошо Арсов,, со КП 7493, на запад КП 7492 адреса: ,,Тошо Арсов,, бр. 3
(Решение за утврдување својство на споменик на културата бр. 0701-24 од 16. 02.1998 година од ЗЗСК Штип)
Класификација на добро:
Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.1 Споменик
Група: 1.1.2 Цивилни објекти
Подгрупа: 1.1.2. 5 Станбен објект
Тип: 1.1.2.5.5 Куќа, станбена зграда
Објект - Митрополија на Брегалничка епархија е граден во седма деценија на 19 век, како семејна куќа на семејството Рибарчеви. Граден е од тајфата на Џонгар.

Општи вредност: архитектонска, урбанистичка, историска
Својства: автентичност, старост, зачуваност
Функција: станбена
Значење: културно-историско, општествено

Заштитено подрачје - **Магаза ,** КП 7916/1
Контактна зона: Од север ул.,,Иво Лола Рибар,,, од исток КП 7916/2, на југ КП 7915/1 и на запад КП 7895 адреса: Ул.,,Иво Лола Рибар,, бр.54
(Решение за утврдување својство на споменик на културата бр. 0701-68 од 30.04.1998 година од ЗЗСК Штип) имотен лист бр.1205 од 7.12.2000 година
Класификација на добро:
Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.1 Споменик
Група: 1.1.2 Цивилни објекти
Подгрупа: 1.1.2.11 Трговски и угостителски објекти
Тип: 1.1.2.11.4 Магаза
Магаза е градена при крај на 19 век од фамилијата Тошанови, служела како магацин за колонијална стока.

Општи вредност: архитектонска, историска
Својства: автентичност, зачуваност, старост
Функција: стопанска
Значење: културно-историско, општествено

Заштитено подрачје - **Административна зграда -банка ,** КП 7520 КО Штип 5
Контактна зона: од север КП 7521/1, од исток КП 7521/2, 7524, од југ оска на ул.,,Маршал Тито,, со КП 6774/1, од запад КП 7519
Адреса: ул.,,Маршал Тито,,бр. 10
(Решение за утврдување својство на споменик на културата бр. 0801-114 од 28.08.1997 година од ЗЗСК Штип)
Класификација на добро:

Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.1 Споменик
Група: 1.1. 2 Цивилни објекти
Подгрупа: 1.1.2.1 Објекти од управа, правосудство, администрација и финансии
Тип: 1.1.2.1.4 Банка
Административна зграда-банка е градена во 1925 година со високи тавaници карактеристични за административни објекти во тој период. Од секогаш е банка.

Општи вредност: архитектонска, урбанистичка, историска
Својства: автентичност, зачуваност, старост, интегралност
Функција: јавна-банка
Значење: културно-историско, општествено

Заштитено подрачје - **Индувидуален станбен објект-градска архитектура ул.,,Маршал Тито,, бб,** КП 7524
Контактна зона: од север КП 7521/2, од исток КП 7522 , од југ оска на ул.,,Маршал Тито,, со КП 6774/1,од запад КП 7520(Решение за утврдување својство на споменик на културата бр. 0801-115 од 28.08.1997 година од ЗЗСК Штип)
Класификација на добро:
Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.1 Споменик
Група: 1.1.2 Цивилен објект
Подгрупа: 1.1.2.5 Станбени објекти
Тип: 1.1,..5.5 Куќа, станбена зграда
Индувидуален станбен објект-градска архитектура ул.,,Маршал Тито,, бб, е граден 1935 година, украсен со декоративни елементи на фасадата и балкон ограден со ограда со виено ковано железо.

Општи вредност: архитектонска, урбанистичка, историска
Својства: автентичност, зачуваност, интегралност, старост
Функција: станбена
Значење: културно-историско, општествено

Заштитено подрачје- **Индувидуален станбен објект-градска архитектура ул.,,Маршал Тито,, бр.18** КП 7522 Контактна зона: од север КП 7521/2, од исток КП 7521/2, од југ оска на ул.,,Маршал тито,, со КП 6774/1, од запад КП 7524
Решение за утврдување својство на споменик на културата бр. 0801-116 од 28.08.1997 година од ЗЗСК Штип
Класификација на добро:
Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.1 Споменик
Група: 1.1.2 Цивилен објект
Подгрупа: 1.1.2.5 Станбени објекти
Тип: 1.1.2.5.5 Куќа, станбена зграда
Индувидуален станбен објект-градска архитектура ул.,,Маршал Тито,, бр.18
е граден 1935 година, со приземје и кат, во класичен стил со убава фасада низ која се протега балкон со ограда од виено ковано железо

Општи вредност: архитектонска, урбанистичка, историска
Својства: автентичност, зачуваност, интегралност, старост
Функција: станбена
Значење: културно-историско, општествено

Заштитено подрачје- **Индувидуален станбен објект-градска архитектура ул.,,Кузман Јосифовски,,бб**
КП 7517/1 КО Штип 5
Контактна зона: на север оска на ул.,,Тошо Арсов,, оска на ул.,,Кузман Јосифовски од исток, од југ КП 7513, 7513/1ж, 7521/1, од запад КП 7517/5

Решение за утврдување својство на споменик на културата бр. 0801-117 од 28.08.1997 година од ЗЗСК Штип

Класификација на добро:

Класа: 1. Недвижно културно наследство
Вид: 1.1 Споменик
Група: 1.1.2 Цивилен објект
Подгрупа: 1.1.2.5 Станбени објекти
Тип: 1.1.2.5.5 Куќа, станбена зграда

Индувидуален станбен објект-градска архитектура ул.,,Кузман Јосифовски,,бб е граден 1930 година, со приземје и кат, лоциран на две улици под агол од 90 степени со исфрлен балкон ограден со амфорести керамички елементи.

Општи вредност: архитектонска, урбанистичка, историска
Својства: автентичност, зачуваност, интегралност, старост
Функција: станбена
Значење: културно-историско, општествено

Сообраќајната поврзаност на централниот и поширокиот градски простор се постигнува со три главни паралелни градски сообраќајници: ул.,,Маршал Тито,, која поминува во ул.,,Димитар Влахов,, во правец исток-запад, и се поврзува со магистралниот пат кон Струмица, потоа ул.,,Генерал М. Апостолски,, во ист правец, но од другата страна на р. Отиња и ул.,,Ванчо Прке,, од која се надоврзува ул.,,Гоце Делчев,, во правец исток-север и се поврзува со магистралниот пат кон Скопје.

Задолжителен третман на недвижното културно наследство во процесот на изработка на планови од пониско ниво, заради обезбедување на плански услови за негова заштита, остварување на неговата културна функција, просторна интеграција и активно користење за соодветна намена;

Изменување и дополнување на постарите планови од пониско ниво заради усогласување од аспект на заштитата на недвижното културно наследство.

6.4.2 Зони на заштита

Во едно Заштитено подрачје може да има повеќе зони на заштита:

Зона на строга односно посебна заштита - се однесува на дел од Заштитеното подрачје на кое се наоѓа еден или повеќе споменици, споменичка целина или културен предел од категоријата - културно наследство од особено значење (или резервирана археолошка зона).

Зона на ограничена односно гарантирана заштита - се определува за дел од Заштитеното подрачје на кое се наоѓа еден или повеќе споменици, споменичка целина или културен предел од категоријата - значајно културно наследство, добро под привремена заштита или контактна зона. Заштитеното културно наследство во Штип е со концентрација во централниот дел на градот од двете страни на р. Отиња. Карактеристично за овој дел е дека во зоните не биле предвидени нови градби, бидејќи градот последните 40 години се ширел по периферијата бидејќи урбанистичките планови предвидувале растеретување на какви и да е градби во централното градско подрачје, што ќе рече дури е планиран нов центар на градот Штип каде ќе бидат сместени јавните, трговските и станбените објекти. Дел од овие планови се реализирани, но се покажаа како изместени од главната оска од центарот на градот и до денес повеќето од нив останале нефункционални, невселени. Со вакумот настанат во периодот пред и по транзицијата во

централниот градски дел и со настанати нови вредности се градат нови објекти точно на потегот на старата чаршија со занаетчиски и трговски дуќани. Во овој простор сочувани се две заштитени добра, Саат кулата и Магазата (новите станбени обејкти го носат името ,,Стара чаршија,,). Другите заштитени објекти во централното подрачје во класичен стил на градба се поврзани еден со друг и не се загрозени со урбанизацијата на градот. Културното наследство во Штип е претставено како поединечни заштитени добра и како такви тие остануваат во своите катастарски парцели, и со тоа заштитени. Исклучок е споменичката целина на ул.,,Гоце Делчев" формирана од четири старогрдски куќи, а на истиот потег се наоѓаат уште четири поединечни заштитени добра кои ја пратат линијата на ул.,,Гоце Делчев,, и за истата е предвидено да остане со постоен профил. Постои еден пример за планирана сообраќајница која заради грешка во адресата од страна на урбанистите, за која е укажувано, поминува низ КП на заштитеното добро (индувидуален станбен објект на Народниот херој Ванчо Прке на ул.,,Вера Циривири,, бр. 15, третирано во ЗКО за ДУП за Бело Брдо, дел од УЕ 2 КО Штип 5). Со самото тоа што објектот има решение за значајно културно наследство планираната сообраќајница треба да се пренасочи.

Заштитената градителска целина Ново Село е на периферијата на градот и претставува зона на ограничена односно гарантирана заштита сама за себе. Уличната мрежа во населбата досега не претрпела промени во однос на постваноста. Промените се направени во однос на замена на калдрма со асфалт или бетон во поедини делови, затоа на вакви промени се бара враќање во изворен лик. Зачувување на поединечните објекти во постојните висини и габарити, зачувување односно враќање на изворните фасади. Се предвидува само зона на домување со можна пренамена со цел враќање на изворни функции со постоење на стари занаети или давање нови современи функции доколку истите се компатибилни со нивната природа и карактерот на споменичката целина.

Зона без дејство на заштита е дел од заштитеното подрачје што се иззема од режимот на заштита.

Во сите заштитени подрачја **Контактните зони** се **зони на ограничена односно гарантирана заштита**.

Во графичкиот прилог: ***Лист 05*** - **Зони на заштита**, прикажани се зоните на заштита на сите добра, по Заштитени подрачја.

Урбан реон - Центар,четврт 01

Заштитено подрачје- **Безистен**
Споменик -,,Безистен,, -Штип
- Зона на ограничена односно гарантирана заштита

Заштитено подрачје- **Црква ,,Св. Никола,,**
Споменик- црква ,,Св. Никола,, Штип
- Зона на ограничена односно гарантирана заштита

Заштитено подрачје - **Црква ,,Св. Архангел Михаил,, (Фитијата)**
Споменик- црква ,,Св.. Архангел Михаил,, (Фитијата)
- Зона на ограничена односно гарантирана заштита

Заштитено подрачје - **Црква ,,Св. Архангел Главатов,,**
Споменик- црква ,,Св. Архангел Главатов,,
- Зона на ограничена односно гарантирана заштита

Заштитено подрачје- **Црква ,,Св. Јован"**
Споменик- црква ,,Св. Јован,,
- Зона на ограничена односно гарантирана заштита

Заштитено подрачје- **Саат кула**
Споменик- Саат Кула
- Зона на ограничена односно гарантирана заштита

Заштитено подрачје- **Археолошки локалитет Исар**
Споменичка целина- археолошки локалитет Исар
- Зона на ограничена односно гарантирана заштита

Заштитено подрачје - **Споменичка целина објекти на ул.,,Гоце Делчев,, бр. 31, 33, 41 и 45**
Споменичка целина- објекти на ул.,,Гоце Делчев,,

- Зона на ограничена односно гарантирана заштита

Заштитено подрачје- **Објект на ул.,,Гоце Делчев,, бр. 3**

Споменик- Објект на ул.,,Гоце Делчев,,бр. 3

- Зона на ограничена односно гарантирана заштита

*Заштитено подрачје-***Објект на ул.,,Гоце Делчев,, бр. 7**

Споменик- Објект на ул.,,Гоце Делчев,,бр. 7

- Зона на ограничена односно гарантирана заштита

Заштитено подрачје **- Објект на ул.,,Гоце Делчев,, бр. 55 и 57,**

Споменик- Објект на ул.,,Гоце Делчев,,бр. 55 и 57

- Зона на ограничена односно гарантирана заштита

Заштитено подрачје - **Објект - Митрополија на Брегалничка епархија**

Споменик- Митрополија на Брегалничка епархија

- Зона на ограничена односно гарантирана заштита

Заштитено подрачје - **Магаза**

Споменик- Магаза

- Зона на ограничена односно гарантирана заштита

Заштитено подрачје - **Административна зграда -банка**

Споменик- Административна зграда-банка

- Зона на ограничена односно гарантирана заштита

Заштитено подрачје - **Индувидуален станбен објект-градска архитектура ул.,,Маршал Тито,, бб,**

Споменик- Индувидуален станбен објект на ул.,,Маршал Тито,, бр. бб

- Зона на ограничена односно гарантирана заштита

Заштитено подрачје- **Индувидуален станбен објект-градска архитектура ул.,,Маршал Тито,, бр.18**

Споменик- Индувидуален станбен објект на ул.,,Маршал Тито,, бр. 18

- Зона на ограничена односно гарантирана заштита

Заштитено подрачје- **Индувидуален станбен објект-градска архитектура ул.,,Кузман Јосифовски,,бб**

Споменик- Индувидуален станбен објект на ул.,,Кузман Јосифовски,, бб

- Зона на ограничена односно гарантирана заштита

Заштитено подрачје- **Индувидуален станбен објект-градска архитектура ул.,,Тошо Арсов,,бр.68**

Споменик- Индувидуален станбен објект на ул.,,Тошо Арсов,, бр. 68

- Зона на ограничена односно гарантирана заштита

Заштитено подрачје- **Индувидуален станбен објект-градска архитектура ул.,,Тошо Арсов,, бр.62,**

Споменик- Индувидуален станбен објект на ул.,,Тошо Арсов,, бр. 62

- Зона на ограничена односно гарантирана заштита

Заштитено подрачје- **Индувидуален станбен објект-градска архитектура ул.,,Маршал Тито,, бр.20**

Споменик- Индувидуален станбен објект на ул.,,Маршал Тито,, бр. 20

- Зона на ограничена односно гарантирана заштита

Заштитено подрачје- **Индувидуален станбен објект-градска архитектура ул.,,Тошо Арсов,, бр.2, 4, 8, и Ул.,,Маршал Тито,, бр.2**

Споменик- Индувидуален станбен објект на ул.,,Тошо Арсов,, бр.2, 4, 8 и ул.,,Маршал Тито,, бр. 2

- Зона на ограничена односно гарантирана заштита

Заштитено подрачје- **Индувидуален станбен објект на браќа Арсови (Љупчо и Тошо) на ул.,,Маршал Тито,, бб**

Споменик- Индувидуален станбен објект на браќа Арсови на ул.,,Маршал Тито,, бб

- Зона на ограничена односно гарантирана заштита

Заштитено подрачје- **Индувидуален станбен објект на Народниот херој Ванчо Прќев на ул.,,Вера Циривири,, бр.15**

Споменик- Индувидуален станбен објект на Народниот херој Ванчо Прке на ул.,,Вера Циривири,, бр. 15

- Зона на ограничена односно гарантирана заштита

Заштитено подрачје- **Индувидуален станбен објект на кеј ,,Маршал Тито,, бр.40 (Гарни)**
Споменик- Индувидуален станбен објект на кеј ,,Маршал Тито,, бр. 40
- Зона на ограничена односно гарантирана заштита

Урбан реон- Центар , четврт 02

Заштитено подрачје- **Кучук Емир султанов мост**
Споменик- Кучук Емир султанов мост
- Зона на ограничена односно гарантирана заштита

Урбан реон- Југ , четврт 01

Заштитено подрачје- **Хуса Мединпашина џамија**
Споменик- Хуса Мединпашина џамија
- Зона на ограничена односно гарантирана заштита

Заштитено подрачје- **Училишна зграда на ул.,,Цветан Димов,,бб**
Споменик- Училишна зграда на ул.,,Цветан Димов,, бб
- Зона на ограничена односно гарантирана заштита

Заштитено подрачје- **НУ Универзитетска библиотека ,,Гоце Делчев,, *ЕХ ЛЕГЕ***
Споменик- ех леге, НУ Универзитетска библиотека ,,Гоце Делчев,,
- Зона на ограничена односно гарантирана заштита

Заштитено подрачје- **Индувидуален станбен објект на Бајрам Салиовски на ул.,,Љубен Иванов,, бр.11**
Споменик- Индувидуален станбен објект на ул.,,Љубен Иванов,, бр. 11
- Зона на ограничена односно гарантирана заштита

Заштитено подрачје- **Индувидуален станбен објект на ул.,,Страшо Пинџур,, бр.15**
Споменик- Индувидуален станбен објект на ул.,,Страшо Пинџур,, бр. 15
- Зона на ограничена односно гарантирана заштита

Урбан реон- Југ , четврт 04

Заштитено подрачје- **Ново Село-Штип-градителска целина**
Споменичка целина - Ново Село - градителска целина
- Зона на ограничена односно гарантирана заштита

Црква ,,Успение на Св. Богородица,, со конаци
Споменик- Црква ,,Успение на Св. Богородица,, со конаци
- Зона на ограничена односно гарантирана заштита

Црква ,,Св. Спас,,
Споменик- Црква ,,Св. Спас,,
- Зона на ограничена односно гарантирана заштита

Во состав на градителската целина Ново Село се наоѓаат следните заштитени недвижни добра и сите се во зона на ограничена односна гарантирана заштита

- Индувидуален станбен објект -староградска архитектура на ул.,,Крсте Мисирков,, бр.34
Споменик- Индувидуален станбен објект на ул.,,Крсте Мисирков,, бр.34
- Индувидуален станбен објект –староградска архитектура на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 8
Споменик- Индувидуален станбен објект на ул.,,Крсте Мисирков,, бр.8
- Индувидуален станбен објект –староградска архитектура на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 12
Споменик- Индувидуален станбен објект на ул.,,Крсте Мисирков,, бр.12
- Индувидуален станбен објект –староградска архитектура на ул.,,Никола Карев,, бр.2
Споменик- Индувидуален станбен објект на ул.,,Никола Карев,, бр 2

-Индувидуален станбен објект –старогрдска архитектура на ул.,,Крсте Мисирков,, бр.30 Споменик- Индувидуален станбен објект на ул.,,Крсте Мисирков,, бр.30
- Индувидуален станбен објект –старогрдска архитектура на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 67 Споменик- Индувидуален станбен објект на ул.,,Крсте Мисирков,, бр.67
- Индувидуален станбен објект –старогрдска архитектура на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 69 Споменик- Индувидуален станбен објект на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 69
- Индувидуален станбен објект –старогрдска архитектура на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 26 Споменик- Индувидуален станбен објект на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 26
- Индувидуален станбен објект –старогрдска архитектура на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 45 Споменик- Индувидуален станбен објект на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 45
- Индувидуален станбен објект на Народниот херој Михаило Апостолски на ул.,,Никола Карев,, бр. 36 Споменик- Индувидуален станбен објект на Народниот херој Михајло Апостолски на ул.,,Никола Карев,, бр. 36
- Училиште во кое учителствувал Гоце Делчев во Ново Село , 1894-1896 година на ул.,,Димитар Влахов,,бб Споменик- Училиште во кое учителствувал Гоце Делчев во Ново Село, на ул.,,Димитар Влахов,, бб

Урбан реон- Југ , четврт 05

Заштитено подрачје **-Црква ,,Св. Троица,, (Чепреганова)**
Споменик- црква ,,Св. Троица,,
- Зона на ограничена односно гарантирана заштита

Заштитено подрачје – **Еврејски гробишта**
Споменик- Еврејски гробишта
- Зона на ограничена односно гарантирана заштита

Урбан реон-Исток , четврт 02
Заштитено подрачје- **Индувидуален станбен објект на Народниот херој Славчо Стојменски на ул.,,Славчо Стојменски,, бр. 29**
Споменик- Индувидуален станбен објект на Народниот херој Славчо Стојменски
- Зона на ограничена односно гарантирана заштита

Урбан реон- Центар,четврт 01

Во Урбаниот реон-Центар со валоризација е оценето дека има едно недвижно добро кое треба да добие статус на културно наследство и за истото се предлага:

Заштитено подрачје-**Каменик мост**
Споменик-Каменик мост
- Зона на ограничена односно гарантирана заштита

Заштитено подрачје-**Споменик на слободата**
Споменик-Споменик на слободата
- Зона на ограничена односно гарантирана заштита

Заштитено подрачје **- Заштитено добро Ец̣ леге – Архив на Македонија,** Подрачно одделение – Штип
Споменик-Ец̣ леге-Архив на Македонија
- Зона на ограничена односно гарантирана заштита

Урбан реон- Југ четврт 01

Заштитено подрачје **-Станбен објект на ул.,,Страшо Пинџур,, бр. 2 и 4**
Споменик-Станбен објект на ул.,,Страшо Пинџур,, бр. 2 и 4
- Зона на ограничена односно гарантирана заштита

Заштитено подрачје- **Старо радио Штип,**
Споменик-Старо радио Штип
- Зона на ограничена односно гарантирана заштита

Урбан реон- Југ четврт 04

Во состав на градителската целина Ново Село се наоѓаат следните незаштитени недвижни добра и сите се *во зона на ограничена односна гарантирана заштита*
-Куќа на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 83
- Куќа на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 49
- Куќа на ул.,,Ѓуро Ѓаковиќ,, бр. 4
- Куќа на ул.,,Никола Карев,, бр. 4
-Куќа на ул.,,Никола Карев,, бр. 6
-Куќа на ул.,,Никола Карев,, бр. 22
- Куќа на ул.,,Никола Карев,, бр. 24
-Куќа на ул.,,Никола Карев,, бр. 20
-Куќа на ул.,,Димитар Влахов,, бр. 74

Урбан реон- Север

Заштитено подрачје- **Железничка станица**,
Споменик- Железничка станица
- Зона на ограничена односно гарантирана заштита

6.4.3 Степени на заштита

Во зоните на заштита се применуваат режими на заштита од различен степен.

Режимот на заштита се поврзува со зоните на заштита и содржи стандард на дозволени интервенции односно дејствија што можат да се преземаат врз заштитените добра и во нивната блиска околина, изразен како:

1. **Режим на заштита од прв степен**;
2. **Режим на заштита од втор степен**;
3. **Режим на заштита од трет степен**.

Во **зоните на строга односно посебна заштита** се применува **режим на заштита од прв степен,** во **зоните на ограничена односно гарантирана заштита** се применува **режим на заштита од втор степен,** во **контактната зона** се применува **режим на заштита од трет степен.**

За културното наследство во подрачјето на опфатот на овие Заштитно-конзерваторски основи, определени се зони на ограничена заштита (гарантирана заштита), за кои се применува режим на заштита од втор степен.

Во **зоните на ограничена односно гарантирана заштита** се применува **режим на заштита од втор степен** кој подразбира зачувување на изворната состојба, а конзерваторските интервенции да не бидат во спротивност со целите на заштитата и изворниот карактер на добрата. Постојната урбана структура (изградена и неизградена) се адаптира за тековните потреби и нови функции, користејќи ги архитектонските карактеристики на добрата. Интервенциите главно се однесуваат на адаптација на ентериерот, а екстериерот односно фасадите на објектите се зачувуваат. Празните локации можат да се наменат за градба на нови објекти со оригинален архитектонски израз сообразен со карактерот на зоната.

Во **контактната зона** се применува **режим на заштита од трет степен**, кој подразбира ограничувања во поглед на габаритот и катната височина на објектите, како и прилагодување на архитектонскиот израз кон наследената архитектура.

Во графичкиот прилог: ***Лист 06***- **Режим на заштита**, прикажани се степените на режимот на заштита на сите добра, по Заштитените подрачја.

1. **Режим на заштита од прв степен**;

Во планскиот опфат за ГУП на град Штип нема споменик на културата кој би имал режим на заштита од прв степен. Со понатамошно истражување и ревалоризација може некој од културните добра да добијат режим на заштита од прв степен. Во оваа фаза нема.

2. Режим на заштита од втор степен

Режимот за заштита од втор степен за поединечни добра и за споменичките целини го подразбира следното:

- обезбедување непосредна заштита на начин кој ќе ги зачува нивните изворни,историски, урбанистичко-архитектонски и естетски вредности и ќе овозможи маненско оспособување на објектите во опфатот за користење и внесување на нови содржини во согласност со современите потреби на стопанските, туристичките, културните и други дејности;
- изведување на мерки на непосредна заштита (превентивна заштита, санација, конзервација, реставрација, реконструкција итн.);
- забрана за изведување на било какви интервенции без конзерваторско одобрение издадено од надлежен орган за заштита на културното наследство, во согласност со Законот за заштита на културното наследство;
- одредување на сите интервенции на споменикот според вредностите дефинирани со валоризација и категоризација на објектот и нивно изведување под надзор на надлежниотконзерваторски центар.

Режимот на заштита од втор степен за археолошки локалитети го подразбира следното:

- вршење на археолошки истражувања според научна и стручна методологија и во согласност со позитивните законски прописи;
- можност за изградба на објекти и партерно уредување на просторот, по предходни задолжителни археолошки истражувања извршени од надлежната установа за заштита на културното наследство и на сметка на инвеститорот;
- изведување на мерки на непосредна заштита на остатоците од недвижно културно наследство;
- забрана за изведување на било какви интервенции без одобрение издадено од надлежен орган за заштита на културното наследство, во согласност со Законот за заштита на културното наследство.

Урбан реон - Центар,четврт 01

Заштитено подрачје- **Безистен**
Споменик -,,Безистен,, -Штип
- Режим на заштита од втор степен

Заштитено подрачје- **Црква ,,Св. Никола,,**
Споменик- црква ,,Св. Никола,, Штип
- Режим на заштита од втор степен

Заштитено подрачје - **Црква ,,Св. Архангел Михаил,, (Фитијата)**
Споменик- црква ,,Св. Архангел Михаил,, (Фитијата)
- Режим на заштита од втор степен

Заштитено подрачје - **Црква ,,Св. Архангел Главатов,,**
Споменик- црква ,,Св. Архангел Главатов,,
- Режим на заштита од втор степен

Заштитено подрачје- **Црква ,,Св. Јован,,**
Споменик- црква ,,Св. Јован,,
- Режим на заштита од втор степен

Заштитено подрачје- **Саат кула**
Споменик- Саат Кула
- Режим на заштита од втор степен

Заштитено подрачје- **Археолошки локалитет Исар**
Споменичка целина- археолошки локалитет Исар
- Режим на заштита од втор степен

Заштитено подрачје - **Споменичка целина објекти на ул.,,Гоце Делчев,, бр. 31, 33, 41 и 45**
Споменичка целина- објекти на ул.,,Гоце Делчев,,
- Режим на заштита од втор степен

Заштитено подрачје- **Објект на ул.,,Гоце Делчев,, бр. 3**
Споменик- Објект на ул.,,Гоце Делчев,,бр. 3
- Режим на заштита од втор степен

Заштитено подрачје-**Објект на ул.,,Гоце Делчев,, бр. 7**
Споменик- Објект на ул.,,Гоце Делчев,,бр. 7
- Режим на заштита од втор степен

Заштитено подрачје **- Објект на ул.,,Гоце Делчев,, бр. 55 и 57,**
Споменик- Објект на ул.,,Гоце Делчев,,бр. 55 и 57
- Режим на заштита од втор степен

Заштитено подрачје - **Објект - Митрополија на Брегалничка епархија**
Споменик- Митрополија на Брегалничка епархија
- Режим на заштита од втор степен

Заштитено подрачје - **Магаза**
Споменик- Магаза
- Режим на заштита од втор степен

Заштитено подрачје - **Административна зграда -банка**
Споменик- Административна зграда-банка
- Режим на заштита од втор степен

Заштитено подрачје - **Индувидуален станбен објект-градска архитектура ул.,,Маршал Тито,, бб,**
Споменик- Индувидуален станбен објект на ул.,,Маршал Тито,, бр. бб
- Режим на заштита од втор степен

Заштитено подрачје- **Индувидуален станбен објект-градска архитектура ул.,,Маршал Тито,, бр.18**
Споменик- Индувидуален станбен објект на ул.,,Маршал Тито,, бр. 18
- Режим на заштита од втор степен

Заштитено подрачје- **Индувидуален станбен објект-градска архитектура ул.,,Кузман Јосифовски,,бб**
Споменик- Индувидуален станбен објект на ул.,,Кузман Јосифовски,, бб
- Режим на заштита од втор степен

Заштитено подрачје- **Индувидуален станбен објект-градска архитектура ул.,,Тошо Арсов,,бр.68**
Споменик- Индувидуален станбен објект на ул.,,Тошо Арсов,, бр. 68
- Режим на заштита од втор степен

Заштитено подрачје- **Индувидуален станбен објект-градска архитектура ул.,,Тошо Арсов,, бр.62,**
Споменик- Индувидуален станбен објект на ул.,,Тошо Арсов,, бр. 62
- Режим на заштита од втор степен

Заштитено подрачје- **Индувидуален станбен објект-градска архитектура ул.,,Маршал Тито,, бр.20**
Споменик- Индувидуален станбен објект на ул.,,Маршал Тито,, бр. 20
- Режим на заштита од втор степен

Заштитено подрачје- **Индувидуален станбен објект-градска архитектура ул.,,Тошо Арсов,, бр.2, 4, 8, и Ул.,,Маршал Тито,, бр.2**
Споменик- Индувидуален станбен објект на ул.,,Тошо Арсов,, бр.2, 4, 8 и ул.,,Маршал Тито,, бр. 2
- Режим на заштита од втор степен

Заштитено подрачје- **Индувидуален станбен објект на браќа Арсови (Љупчо и Тошо) на ул.,,Маршал Тито,, бб**
Споменик- Индувидуален станбен објект на браќа арсови на ул.,,Маршал Тито,, бб
- Режим на заштита од втор степен

Заштитено подрачје- **Индувидуален станбен објект на Народниот херој Ванчо Прќев на ул.,,Вера Циривири,, бр.15**

Споменик- Индувидуален станбен објект на Народниот херој Ванчо Прке на ул.,,Вера Циривири,, бр. 15
- Режим на заштита од втор степен

Заштитено подрачје- **Индувидуален станбен објект на кеј ,,Маршал Тито,, бр.40 (Гарни)**
Споменик- Индувидуален станбен објект на кеј ,,Маршал Тито,, бр. 40
- Режим на заштита од втор степен

Урбан реон- Центар , четврт 02

Заштитено подрачје- **Кучук Емир султанов мост**
Споменик- Кучук Емир султанов мост
- Режим на заштита од втор степен

Урбан реон- Југ , четврт 01

Заштитено подрачје- **Хуса Мелин пашина џамија**
Споменик- Хуса Мелин пашина џамија
- Режим на заштита од втор степен

Заштитено подрачје- **Училишна зграда на ул.,,Цветан Димов,,бб**
Споменик- Училишна зграда на ул.,,Цветан Димов,, бб
- Режим на заштита од втор степен

Заштитено подрачје- **НУ Универзитетска библиотека ,,Гоце Делчев,, *ЕХ ЛЕГЕ***
Споменик- ех леге, НУ Универзитетска библиотека ,,Гоце Делчев,,
- Режим на заштита од втор степен

Заштитено подрачје- **Индувидуален станбен објект на Бајрам Салиовски на ул.,,Љубен Иванов,, бр.11**
Споменик- Индувидуален станбен објект на ул.,,Љубен Иванов,, бр. 11
- Режим на заштита од втор степен

Заштитено подрачје- **Индувидуален станбен објект на ул.,,Страшо Пинџур,, бр.15**
Споменик- Индувидуален станбен објект на ул.,,Страшо Пинџур,, бр. 15
- Режим на заштита од втор степен

Урбан реон- Југ , четврт 04

Заштитено подрачје- **Ново Село-Штип-градителска целина**
Споменичка целина - Ново Село - градителска целина
- Режим на заштита од втор степен

Црква ,,Успение на Св. Богородица,, со конаци
Споменик- Црква ,,Успение на Св. Богородица,, со конаци
- Режим на заштита од втор степен

Црква ,,Св. Спас,,
Споменик- Црква ,,Св. Спас,,
- Режим на заштита од втор степен

Во состав на градителската целина Ново Село се наоѓаат следните заштитени недвижни добра за кој се предлага режим на заштита од втор степен

- Индувидуален станбен објект -старогрдска архитектура на ул.,,Крсте Мисирков,, бр.34
Споменик- Индувидуален станбен објект на ул.,,Крсте Мисирков,, бр.34
- Режим на заштита од втор степен

- Индувидуален станбен објект –старогрдска архитектура на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 8
Споменик- Индувидуален станбен објект на ул.,,Крсте Мисирков,, бр.8
- Режим на заштита од втор степен

- Индувидуален станбен објект –старогрдска архитектура на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 12
Споменик- Индувидуален станбен објект на ул.,,Крсте Мисирков,, бр.12
- Режим на заштита од втор степен

- Индувидуален станбен објект –старогрдска архитектура на ул.,,Никола Карев,, бр.2
Споменик- Индувидуален станбен објект на ул.,,Никола Карев,, бр 2
- Режим на заштита од втор степен

-Индувидуален станбен објект –старогрдска архитектура на ул.,,Крсте Мисирков,, бр.30
Споменик- Индувидуален станбен објект на ул.,,Крсте Мисирков,, бр.30

- Режим на заштита од втор степен

- Индувидуален станбен објект –староградска архитектура на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 67
Споменик- Индувидуален станбен објект на ул.,,Крсте Мисирков,, бр.67

- Режим на заштита од втор степен

- Индувидуален станбен објект –староградска архитектура на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 69
Споменик- Индувидуален станбен објект на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 69

- Режим на заштита од втор степен

- Индувидуален станбен објект –староградска архитектура на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 26
Споменик- Индувидуален станбен објект на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 26

- Режим на заштита од втор степен

-Индувидуален станбен објект –староградска архитектура на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 45
Споменик- Индувидуален станбен објект на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 45

- Режим на заштита од втор степен

- Индувидуален станбен објект на Народниот херој Михаило Апостолски на ул.,,Никола Карев,, бр. 36 Споменик- Индувидуален станбен објект на Народниот херој Михајло Апостолски на ул.,,Никола Карев,, бр. 36

- Режим на заштита од втор степен

- Училиште во кое учителствувал Гоце Делчев во Ново Село , 1894-1896 година на ул.,,Димитар Влахов,,бб Споменик- Училиште во кое учителствувал Гоце Делчев во Ново Село, на ул.,,Димитар Влахов,, бб

- Режим на заштита од втор степен

Урбан реон- Југ , четврт 05

Заштитено подрачје **-Црква ,,Св. Троица,, (Чепреганова)**
Споменик- црква ,,Св. Троица,,

- Режим на заштита од втор степен

Заштитено подрачје **–Еврејски гробишта**
Споменик - **Еврејски гробишта**

- Режим на заштита од втор степен

Урбан реон-Исток , четврт 02

Заштитено подрачје- **Индувидуален станбен објект на Народниот херој Славчо Стојменски на ул.,,Славчо Стојменски,, бр. 29**
Споменик- Индувидуален станбен објект на Народниот херој Славчо Стојменски

- Режим на заштита од втор степен

Урбан реон- Центар,четврт 01

Во Урбаниот реон-Центар со валоризација е оценето дека има едно недвижно добро кое треба да добие статус на културно наследство и за истото се предлага:
Заштитено подрачје-**Каменик мост**
Споменик-Каменик мост

- Режим на заштита од втор степен

Заштитено подрачје-**Споменик на слободата**
Споменик-Споменик на слободата

- Режим на заштита од втор степен

Заштитено подрачје **- Заштитено добро Ењ леѓе – Архив на Македонија,** Подрачно одделение – Штип
Споменик- Ењ леѓе -Архив на Македонија

- Режим на заштита од втор степен

Урбан реон- Југ четврт 01

Заштитено подрачје **-Станбен објект на ул.,,Страшо Пинџур,, бр. 2 и 4**
Споменик-Станбен објект на ул.,,Страшо Пинџур,, бр. 2 и 4

- Режим на заштита од втор степен

Заштитено подрачје- **Старо радио Штип,**
Споменик-Старо радио Штип
- Режим на заштита од втор степен

Урбан реон- Југ четврт 04
- Режим на заштита од втор степен

-Куќа на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 83
- Куќа на ул.,,Крсте Мисирков,, бр. 49
- Куќа на ул.,,Ѓуро Ѓаковиќ,, бр. 4
- Куќа на ул.,,Никола Карев,, бр. 4
-Куќа на ул.,,Никола Карев,, бр. 6
-Куќа на ул.,,Никола Карев,, бр. 22
- Куќа на ул.,,Никола Карев,, бр. 24
-Куќа на ул.,,Никола Карев,, бр. 20
-Куќа на ул.,,Димитар Влахов,, бр. 74

Урбан реон- Север
Заштитено подрачје- **Железничка станица**,
Споменик- Железничка станица
- Режим на заштита од втор степен

3. Режим на заштита од трет степен

Режимот за заштита од трет степен за контактните зони подразбира можност за планирање и реализација на нови објекти, според заштитно-конзерваторските услови пропишани од надлежната уатанова за заштита на културното наследство. Сите интервенции се вршат врз основа на конзерваторско одобрение од Управата за заштита на културното наследство.

Планирање на просторот во контактната зона за евентуална градба по предлог на урбанистите со неопходен археолошки надзор при превземање на подготвителни градежни работи.

Заклучок :

Режимот за заштита предвиден со овие заштитно- конзерваторски основи за ГУП за град Штип содржи режим на заштита на заштитени добра во опфатот како и стандард на дозволени интервенции односно дејствија што можат да се преземаат на истите и во нивната блиска околина, изразен како :

- Заштита од втор степен за заштитените добра
- Заштита од трет степен за нивните контактни зони.

Режимот на заштита ќе биде разработен во деталните урбанистички планови.

6.4.4. Посебни мерки на заштита

Посебните мерки на заштита содржат конзерваторски, правни, административни и други превентивни и корективни мерки, какви што се, особено: археолошкиот надзор; заштитните археолошки истражувања; конзерваторските истражувања; документирањето; изготвувањето на посебни студии, елаборати, програми и урбанистички проекти; подготвителните мерки за заштита од последиците на загадувањето; мерките за унапредување на квалитетот на животната средина во заштитените подрачја; враќањето во поранешна состојба; спасувањето; старателството; хипотеката; експропријацијата; други мерки согласно со закон.

Посебните мерки на заштита за сите Заштитени подрачја во опфатот на ГУП на град Штип се пропишуваат со заштитно-конзерваторските основи за плановите од пониско ниво.

- Посебните мерки за заштита предвидени со Правилникот за изготвување на заштитно конзерваторски основи (Сл. весник на РМ бр.111/05 год.) член 10, став 1 точка 5, содржат конзерваторски, правни, административни, и други превентивни и корективни мерки какви што се, особено :

- Во рамките на заштитеното добро се забрануваат секаков вид на градежни работи што не е во согласност на пропишаниот режим на заштита. Инвеститорот се обврзува да обезбеди финансиски средства за изведување на потребните заштитни археолошки ископувања и

истражувања на евидентираното културно наследство (археолошки локалитет Исар) како и за изработка на комплетна документација и конзервација на движните наоди, што е и законска обврска на инвеститорот.
- Ако имателот предизвика штета на заштитеното добро со употребување што е спротивно на определената намена или со постапување што е спротивно на пропишаниот режим на заштита или ако штетата е настаната поради неизвршување, ненавремено или несовесно извршување на надлежната мерка на заштита, Управата може со решение да ги стопира понатамошните градежни работи.
- Отстапување од сообраќајното решение на важечкиот ГУП на град Штип за дел од ул.,,Ванчо Прке,, дадено во ДУП Бело Брдо за кој се усвоени Заштитно-конзерваторски основи. Според важечкиот ГУП ул.,,Гоце Делчев,, треба да биде булевар, но со реваоризација на 4 објекти и една споменичка целина кои се значајно културно наследство истата улица на делот каде се наоѓаат наведените објекти нема да има измени. Планираната сообраќајница ул.,,Ванчо Прке,, треба да се пренасочи.

7. Спроведување на основите

7.1. Насоки за вградување на основите во текстуалниот приказ на планот

Во планските документи треба интегрално да се користат податоците содржани во текстуалниот приказ на Заштитно-конзерваторските основи, особено во поглед на границите на Заштитените подрачја, зоните на заштита, режимот на заштита и параметрите за заштита на културното наследство.

Врз основа на наведените податоци во текстуалниот приказ од Заштитно-конзерваторските основи треба да се изготвуваат планските решенија односно истите доследно да се вградат во планот како општи и посебни услови.

7.2. Насоки за вградување на графичките прикази од Заштитно-конзерваторските основи

Во планските документи треба интегрално да се користат податоците дадени во графичките прикази што се дел од Заштитно-конзерваторските основи односно треба да се третираат како документациска основа за соодветен третман на културното наследство на просторот опфатен со ГУП.

7.3. Параметри за заштита на културното наследство

При планирањето на просторот кој е опфатен со ГУП на град Штип 2014-2024, параметрите за заштита на културното наследство се однесуваат на следното:

- Доследно спроведување на сите форми на правна заштита на евидентираните објекти на културното наследство;
- Операционализација на стручните одредби и начини за решавање на проблемите на заштита на вредните простори;
- Комплементарен однос на интегралната заштита на културно-историските вредности на просторот со останатите релевантни критериуми;
- Не треба да се создаваат нови градежни зони таму каде што има услови за обновување на стариот градежен фонд или на подрачје каде што е констатиран археолошки локалитет;
- За наследените споменички целини треба да се изготват детални урбанистички планови во границите на споменичката целина.
- Параметрите за заштита на културното наследство за секое од Заштитените подрачја ќе бидат дефинирани во форма на заштитно-конзерваторски услови, во заштитно-конзерваторските основи за плановите од пониско ниво.

II. ДОКУМЕНТАРЕН ПРИКАЗ

1. *Дескриптивна документација*

-доказ за регистрација на носителот на изработката на Заштитно-конзерваторските основи
-доказ за формирање стручен тим за изработка на Заштитно-конзерваторските основи

7. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Комунална инфраструктура

Со објектите и инсталациите кои го сочинуваат единствениот водоснабдителен систем на територијата на Општина Штип управува ЈП Исар Штип.

Состојба на постоечките водоснабдителни системи

1. Водени ресурси

1.1 Бунарски систем

Градот Штип се водоснабдува од подземните води кои се експлоатираат од бунари лоцирани во локалитетите : Фортуна , АРМ и Штипско езеро , истите се наогаат на 3-4 км одалеченост од централното градско подрачје на надморска висина сса 260м во алаувионот на р.Брегалница .

Главната хидрографска артерија која го водоснабдува и која ги прихранува бунарите во поширокиот простор е р. Брегалница и таа преставува директна хидрауличка врски меѓу водоносниот хоризонт и бунарите , односно хранењето на подземните води е во дирекна зависност од хидролошката состојба на реката и од тие причини и издашноста на бунарите во текот на годината е променлива .

Водозафатните реони, “Фортуна” и “Штипско езеро” како приобални и со релативно плитки водоносни слоеви (10-11м) имаат корелативна врска со проточните води во река Брегалница.

Од досегашната експлоатација на досегашните бунари може да се заклучи дека хранењето се врши во најголем процент, со директно инфилтрирање на површинските води од река Брегалница во бунарите.

Концентрацијата на суспендираните материи во речната вода при низок водостој се зголемува до степен кој оневозможува нормално потхранување на подземјето. Интензивната експлоатација на бунарите пак од своја страна доведува до колмација на околината на бунарите која исто влијае на издашноста на истите.

- **Локалитет - Штипско езеро**

На локалитет Штипско езеро има 14 бушени бунари кои се лоцирани на левата речната тераса на р.Брегалница и три рени бунари кои не се во функција а истовремено служат како собирни бунари - резервоари преку кои се препумпува подземната водата до ПС Баби .

Изградените водозафатни бунари кои се експлоатираат се проектирани према хидрогеолошките карактеристики на водоносниот слој и динамичното ниво на подземната вода во времето на истражувањето.

објект	дијаметар ф (мм)	длабочина (м)	материјал
Рени БХД-1	4000	10,0	бетон
Рени БХД-2	4000	10,90	бетон
Рени БХД-3	4000	9,60	бетон

- **Локалитетот АРМ**

Локалитетот АРМ се наогаат на десната обала од речната тераса на р.Брегалница и има пет бушени експлоатациони бунари , од овие бунари сировата вода преку доведен цевковод се прифаќаат во рени бунарот во локалитет Штипско езеро и од таму се препумпува до ПС Баби на Пречистителната станица.

објект Бунар	дијаметар ф (мм)	длабочина (м)	материјал
Б-1	315	12	ПВЦ
Б-2	315	12	ПВЦ
Б-3	315	12	ПВЦ
Б-4	315	12	ПВЦ
Б-5	315	12	ПВЦ

- **Локалитет - Фортуна**

Бунарскиот систем е лоциран на левата тераса на р. Брегалница на одалеченост околу 80 -100 м од реципиентот р. Брегалница , во локалитетот Фортуна има 4 копани и 4 бушени бунари кои повремено по потреба се вклучуваат и стар бунарски систем од десет копани бунари изградени во периодот до 1960 год кои се стават во функција во интервентни случаеви при мала издашност на бунарите.

Зафатената вода од бунарите преку два потисни цевоводи се доведува до израмнителниот резервоар од 85м^3 т.е. во собирниот базен од каде со пумпи преку цевовод со профил Ф 315 се препумпува до ПС Баби

Овој локалитет е пуштен во експлоатација во март 1994 год и од него може да се црпи околу 100 л/сек.

објект	дијаметар ф	длабочина (м)	материјал

Бунар	(мм)		
Б-1-Б10	3000	10	
ДБ-1 и ДБ -2	500	12	
ДБ-3 и ДБ -4	300	11	
ДБ-5 и ДБ -6	400	10	
Б-9 И Б-10	1500	10	ПВЦ

Во моментов од постојниот бунарски систем во трите локалитети се обезбедува максимална количина на сирова вода од околу 280 л/с која се третира во технолошката линија за подземни води на Пречистителната станица и потоа чистата вода се пушта во водоснабдителниот систем на град Штип .



Подземната вода од овие водозафати се препумпува три пати и тоа : од подземните бушени бунари до Рени бунарите , од Рени бунарите до ПС Баби и од ПС Баби до Пречистителната станица .

Рени бунарите и Препумпната станица ПС Баби се обезбедени со електромоторни пумпи кои ја транспортираат т.е. пумпаат водата во Пречистителната станица .

ПРЕПУМПНА СТАНИЦА „БАБИ”				
Ред	Собирен	Тип на пумпа	Снага	год. на

број	резервоар		КЊ	производ.
1	П- 1	ЈАСТРЕБАЦ ВР- 200 -7	75	1976
	П- 2	ЈАСТРЕБАЦ ВР- 200- 7	75	1976
3	П- 3	ЈАСТРЕБАЦ ВР- 200- 8	110	1986
4	П- 4	ЈАСТРЕБАЦ ВР- 200- 7	75	1976
5	П- 5	ЈАСТРЕБАЦ ВР- 200- 8	110	1986
6	П- 6	ЈАСТРЕБАЦ БП- 200- 7	75	1976

Доводот на сировата вода од трите водозафатни локалитети до Пречистителната станица се врши по два мегусебно независни потисни цевководи и тоа :

- Челичен цевковод ф 600 мм од локалитет Штипско езеро до ПС Баби и ПЕ и ПВЦ цевковод ОД 315 мм од локалитет Фортуна до ПС Баби и
- Два независни транспортни потисни цевковода од ПЕ и АСС цевковод ф 500 мм од ПС Баби кои ја водснабдуваат Пречистителната станица

материјал	Профил мм	должина м
АС	500	2075
ПЕ	500	2075

1.2 Површински води

Во текот на 2013г. се очекува градот Штип да започне да се водоснабдува со површинска вода од ХМС Злетовица.

На главниот цевковод на ХМС Злетовица за водоснабдување на Штип и Свети Николе кај с.Д.Балван е приклучен доводниот цевковод за град Штип кој ќе обезбеди максимално количина од 500 л/сек сирива вода.

Цевководот со хидротехничките објекти (шахти и прекидни комори) е веќе изграден до Пречистителната станица Штип и се во сопственост и

надлежност на Јавно претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем “Злетовица” - Пробиштип .

Со преработка на површинската вода во Пречистителната станица ќе се овозможи комбинирано водоснабдување на град Штип со доволни количини на сирова вода за идниот плански развој. .

2. Процес на обработка на сировата вода

Пречистителната станица за вода за пиење се наога на околу 3 км североисточно од градот - Штип на надморска висина 381,5м - кота на дно на резервоар и е наменета за преработка и пречистување на :

1. Подземни води од постојниот бунарски систем со максимален капацитет од

250с или 900 м3/ч.

2. Површински води со краен капацитет од 500 л/с или 1800 м3/ч.

Пречистителната станица има подземен резервоар за чиста вода со капацитет од 2320 м3 и третирањето на сировата вода се одвива согласно дневните потреби на водоснабдителниот систем на град Штип.

Третирањето на сировата водата досега се одвиваше преку линијата за површинска вода која преку постоечката технолошка линија за преработка на бунарската вода .

Со реконструкцијата на Пречистителната станица опфатени се двете технолошки линии за преработка на површинска вода и тоа : објектите за преработка на сировата вода , системот за припрема и дозирање на реагенсите и СЦАДА системот за пратење на влезните параметри на сировата вода и ќе се овозможи прежистување на околу 500 л/сек сирова вода.

Испорачаната количина на пречистена вода во 2012 год. во градот заедно со индустријата и стопанството изнесуваше 5.767.027 $м^3$/годишно со просечна потрошувачка од 183 л/с.

	Влез на сировоа вода вкупно износ во денари $м^3$/ден	**Влез на сирова вода за $м^3$/ден.**	**Влез на сирова водаза $м^3$/;ас**	**Влез на сирова вода за л/сек.**	**Излез на преработе на вода вкупно износ во денари $м^3$/ден**	**Излез на прераб отена вода за $м^3$/ден**	**Излез на прерабо тена вода за $м^3$/час**	**Излез на преработе на вода за л/сек.**
Јануари	460,912	14,868	620	172	458,421	14,788	616	171
Февруари	470,618	16,228	676	188	468,944	16,170	674	187

Март	467,345	15,076	628	174	464,371	14,980	624	173
Вкупно	**1,398,875**				**1,391,736**			
Април	445,865	14,862	619	172	443,376	14,779	616	171
Мај	468,837	15,124	630	175	466,106	15,036	626	174
Јуни	506,103	16,870	703	195	502,981	16,766	699	194
Вкупно	**1,420,805**				**1,412,463**			
Јули	557,439	17,982	749	208	554,330	17,882	745	207
Август	538,342	17,366	724	201	535,939	17,288	720	200
Септември	502,618	16,754	689	194	499,990	16,666	694	193
Вкупно	**1,598,399**				**1,590,259**			
Октомври	490,706	15,829	660	183	488,320	15,752	656	182
Ноември	427,980	14,266	594	165	425,508	14,184	581	164
Декември	461,233	14,878	620	172	458,741	14,798	617	171
Вкупно	**1,379,919**				**1,372,569**			
ВКУПНО	**5,797,998**				**5,767,027**			**183**

Табела (1) месечен влез на сирова вода и излез на преработен вода просечно л/сек месечно и . годишно

Квалитетот на вода за пиење досега е во согласно со Правилникот за безбедност на водата за пиење (сл.весник на Р.Македонија бр. 46/08) и Европската Директива 98/83 / ЕЦ од 3 Ноември 1988 г.

3. Дистрибутивен систем

Дистибуцијата на пречистената вода од Пречистителната станица во водоснабдителниот систем на град Штип се врши преку две главни линии.

Магистралните линии Линија 1 и 2 треба да ги поврзуваат постоечките главни линии, планираните и изведените резервоари и треба да овозможат зонирање на мрежата (ниска и висока зона).

3.1.1 Главна дистрибутивна мрежа :

Главен цевковод за чиста вода АСС ф 500 Л = 2.120 м од Пречистителната станица до ПС Баби , оваа линија ги обезбедува чиста вода за пиење двете водоводни линии :

- Цевковод од ПС Баби до рез. Каракуш АСС ф 350 мм , оваа линија истовремено врши водоснабдување на нас.Сењак и нас. Дузлак.
- Цевковод од ПС Баби до индустриска зона и централно градско подрачје АСС ф 400 мм , линијата поминува низ ниска зона во нас. 8 ми Ноември и еден крак се двои кон Индустриската зона до нас.Три Чешми а другиот крак се двои кон централното градско подрачје десна страна на град Штип и завршува во Ново Село , од оваа линија се водоснабдува и нас.Баби.

Магистрална Линија 1

Магистралната Линија 1 ја поврзува пречистителната станица со резервоарите Шардаван баши и Каракуш :

материјал	профил	должина
ПЕ	600	2520
ПЕ	400	1550
ПЕ	355	838

Од Магистралната Линија 1 се обезбедува вода за пиење за т.н високата зона во град Штип и тоа преку резервоарите Каракуш , Блок 85/91 , Черења и Шардаван баши ги водоснабдува, Леваци , Деснаци , Радански пат , Блок 85 и десна страна на град Штип.

Магистрална Линија 2

Во моментов во тек е изградбата на магистралната Линија 2 кој ќе ги снабдува со вода новопланираните резервари во : ТИРЗ штип , Мерите и Пребег и ќе обезбедува дистрибуција на 250 л/сек вода за пиење од Пречистителната станицата.

Од овие 250 л/сек се планира да бидат распоредени за потребите на ТИРЗ Штип максимум 120 л/сек и останатите 130 л/сек ќе се користат за водоснабдување на населените места : нас. Пребег, нас Ж. Станица и нас.Кежовица т.е. за резервоарите во Мерите и населба Пребег , досега е изградена делницата ПЕ ОД 630 мм од Препумпна станица Баби до разделна Шахта, во должина од 1 300 м .

Дистрибутивната мрежа

Дистрибутивната мрежа на град Штип е со должина од околу 125 км. главни и секундарни водоводни линии.Постојниот систем не е унифициран и

не е соодветен на потребите и планскиот развој на градот.Изграден е од цевки со различна старос во системот се присутни цевки постари од 30години,изработени од различни материјали:азбест цементни-34%,поцинковани-43%,пластични 19%, мал процент на лиено железнии чепични.

Од друга страна дистрибутивниот систем се карактеризира со доста непостојани и варијабилни притисоци сто предизвикува чести дефекти и истекување на големи колицини на вода .Отсуствуваат потребните пегулатори на притисок и вентили што го дополнително го отежнува процесот на тековно одражување.Комбинација на овие фактори: староста,материјалите и притисоците доведува до несоодветно обезбедување на услигите,висок степен на загуби на вода кој изнесива и еколоски ризици поврзани со квалитетот на водата.Од овие прицини ЈП Исар има изработено програма за реконструкција на постојанта дистрибутивна мрежа во должина од 15 км.

Главните водоводни линии се изведени со вкупна должина од околу 84,5км и се со профили од 60 мм до 630 мм и секундарните водоводни линии во должина од околу 40,5км се со профили од 3/4 “ до 60 мм и во развојниот период скоро целата секундарна мрежа со профили помали од Ф80 ќе треба да се реконструира.

Главни водоводни линии:

материјал	профил	должина-м						
АЦ	60	3700	ПЕ	63	9100	ПВС	80	8040
АЦ	80	8800	ПЕ	75	160	ПВС	90	4970
АЦ	100	6400	ПЕ	80	8050	ПВС	100	200
АЦ	125	2700	ПЕ	90	3360	ПВС	110	800
АЦ	150	2800	ПЕ	100	200	ПВС	125	570
АЦ	200	4550	ПЕ	110	550	ПВС	150	1010
АЦ	250	1400	ПЕ	160	1650	ПВС	160	4700
АЦ	300	1700	ПЕ	225	1110	Вкупно		20.110
Вкупно		32.050	ПЕ	315	100			
			ПЕ	400	1700			

			ПЕ	450	2250			
			ПЕ	500	2100			
			ПЕ	630	1900			
			Вкупно		32.230			

Во градскиот водоводен систем има пет дистрибутативни препупмни станици (Баби , Фортуна, Блок 70 , Блок 77, Борко Талев) и седум резервоари за складирање на чиста вода.

Резервоар	Капацитет	Надморска височина
Шардаван Баши	900 м^3	362.20 м н.в.
Каракуш	1.200 м^3	362.00 м н.в.
Блок 85/91	550 м^3	394.40 м н.в.
Черење	400 м^3	417.80 м н.в.
Борко Талев	150 м^3	405.00 м н.в.
Исар	1.200 м^3	342.00 м н.в.
Баби	600 м^3	320.00 н.в.

Систем за водоснабдување за с.Долани и с.Драгоево

ЈП Исар управува и го одржува ситемот за водоснабдување на с.Долани и с.Драгоево со 200 жители во кој се опслужуваат 150 домаќинства. Овој водоснабдителен систем се состои од бунари , препумпна станица и резервоар за вода во с.Драгоево и препумпна станица и резервоар во с. Долани , дистрибутивна мрежа е во должина од 12.3 км.

Систем за водоснабување за с.Караорман

. Водоснабдувањето на с.Стар Караорман населено место со 800 жители и 278 домаќинства од 2002 год се водоснабдува преку локален водоводен систем кои го сочинуваат бушен бунар кој се наога во близина на селото на уливот на Благоева река во Брегалница со длабочина на бунарот од 17 м и потопна пумпа со капацитет од 8 л/сек .

Резервоарот за вода е со запремнина од 200 м^3 , дистрибутивна водоводна мрежа има еден главен цевковод во должина од 990 м^3 и делнична дистрибутивна мрежа од 2.200 м.

Во прилог Ви доставуваме табеларен приказ со податоците барани со Ваш допис бр. 21-790/1 29.01.2013 година .

ЈЗУ Здравствен дом "д-р Панче Караѓозов" - Штип контакт лице : дипл. екк. Валентина Варадинова Везенкова - вд директор тел. бр. 032 / 391-995 ; 391-955 ; е- маил: z.dom_stip@t-home.mk		
Површина ња локација (дворно место)	ул. "Христијан Карпош "бб ул. "Борко Талев "бб	1500 м^2 1770 м^2
Корисна површина на објектот	ул. "Христијан Карпош "бб ул. "Борко Талев "бб ул."Лески" бр. 12/1	5528 м^2 537 м^2 67 м^2
Корисна површина на дополнит. објекти	с.Драгоево ,Штип нас. Три Чешми , Штип с. Таринци , Карбинци с. Аргулица , Карбинци , с. Карбинци ,Карбинци с. Радање , Карбинци с. Крупиште , Карбинци	72 м^2 30 м^2 26 м^2 62 м^2 110 м^2 86 м^2 86 м^2
Година на градба и вид на градба	тврда градба	
Приклучоци на инфраструктура	струја , водовод,канализација , пристап до пат	
Општа состојаба на објектот		
Број на организациони единици	7	
Број на вработен	77	
Идни потреби		

ЈЗУ Здравствен дом
"д-р Панче Караѓозов" - Штип
ВД Директор
дипл.екк. Валентина Варадинова Везенкова

ОПШТИНА ШТИП
Одделение за јавни служби

ПРЕДМЕТ : Доставување на прашалник
ВРСКА ВАШ БР. 20-642/1 21.01.2013 год.

Во врска со Прашалникот доставен од Ваша страна со допис под горенаведниот број Ви ги доставуваме бараните податоци;

Општинска јавна установа за деца- Детска градинка,,Астибо,,-Штип, со седиште на ул. ,, Гоце Делчев,, бр. 34 , Директор Илија Митров, тел. контакт 078/473-640 , или 032/395-260, mail : judg.astibo@t-home.mk.

----За податоците за објектите кои се составен дел на установата Ви ја доставуваме пополнета табелата од Генералниот урбанистички план 3012-2023 точката;

7.1 Општествена заштита на децата(градинки, јасли)

----За податоците за вкупниот број на децата, бројот на групите и бројот на децата во нив, бројот на вработените Ви доставуваме табели за децата и групите и за вработените.

--- Итни потреби;

1 , Општинската јавна установа за деца-Детска геадинка,,Астибо,,-Штип има итна потреба од проширување , односно доградба на две занимални во објектот- клон Бамби , лоциран во населба Баби, на ул. ,,Антон Панов,, бб., за што има просторни услови .Оправданоста на доградбата е големот интерес за запишување на деца во градинката ,,Бамби,, во населба Баби, со нејзиното урбанистичко проширување , како и поради фактот што во оваа градинка ги прифакаме и децата од соседната населба ,,Караорман,,

2 , Исто така, и во објектот- клон Сончогледи ,, населба Сењак , ул. ,, Сремски фронт ,, бб имаме потреба од доградба на две занимални , за што има просторни услови , по моделот на најново доградените занимални, кои оваа година беа пуштени во употреба.

Потребата и кај оваа доградба е оправдана со урбанистичкото проширување на населбите ,,Сењак,, , ,,Дузлак ,., и нивно спојување со населбата Баби. Најдобро решение , доколку се има урбанистички услови , да се изгради објект - градинка, , кој би бил лоциран помеѓу нас. Сењак и нас. Дузлак , со што би се задоволиле потребите на родителите од кругот на овие три споменати населби.

Во прилог Ви ги доставуваме претходно споменатите табели.

Дата; 23.01.2013 год.
Штип

ОЈУДГ,,АСТИБО,,-ШТИП
Д и р е к т о р ,

Илија Митров

Општина
Штип

Одделение за јавни служби
Локален Економски Развој

Бр. 21-790/1
29.01.2013 год.

ул. „Васил Главинов" 4б,
2000 Штип,

Република Македонија

Тел: (032) 22 66 14
(032) 22 66 17
Факс: (032) 22 66 01

Сајт:
www.stip.gov.mk

е-пошта:
vane.manevski@stip.gov.mk

До: _____

Предмет: Барање податоци за ГУП

Почитувани основно училиште „Зеф"

Согласно **отпочнувањето на активностите околу подготовката на новиот ГУП (Генерален Урбанистички План) за град Штип и потребата од прибирање на податоци од сите правни субјекти од приватниот и јавниот сектор кои имаат во посед недвижен имот,** Штип проект формира работно тело кое е вклучено да врши **обезбедување и прибирање на сите потребни податоци, информации од прашалникот (во прилог), подготвен за оваа намена,** за пополнување на **одговори табеларно и/или описно** по прашањата **за секоја институција одделно и тоа:**

- **Име на ваша институција со контакт: лице,тел. број,е-маил адреса;** Зеф ул. Руже Јакимовска 2 Viber 2 вон ним
- **Површина на локација (дворно место) надвор** 2300 м.2
- **Корисна површина на објект;** 1200 + 1000 подрум
- **Корисна површина на дополнителни (помошни) објекти (ако има);**
- **Година на градба и вид на градба;** 2004 год. двојна
- **Приклучоци на инфраструктурата; (набројте ги сите)** струја, канализ. вода, телефон, интернет
- **Општа состојба на објектот;** добра
- **Училиште (име);**
- **Број на ученици (деца);**
- **Број на одделенија**
- **Број на смени** една 7-14 ч
- **Број на вработени** – 102
- **Идни потреби** —

Заради потребите од итност од оваа подготвителна фаза од прибирање податоци и потребата од нивна анализа во наредниот период, Ве молиме да ги доставите на долу наведените контакт е-маил адреси **бараните податоци за** што е можно **пократок период.**
Секоја од обезбедените податоци/информации можете да ги доставите **во форма-табеларно во word документ или пополнет ваш дел од прашањата од табелата (во прилог) препратено на оваа е-маил адреса.**

Забелешка: **На дел од погоре наведените прашања кои не соодветствува на вашиот профил на организација немате обврска да дадете одговор.**

Однапред ви благодариме за поддршката

Доставено до:
- Архива
- Деловни субјекти

По овластување на
градоначалникот
Раководител

Ванче Манев[illegible]

Подготвил: Лазар Соколовски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА ШТИП •

From: Boro Manuilov [mailto:mbkonfekcija@gmail.com]
Sent: Thursday, February 28, 2013 7:16 PM
To: vane.manevski@stip.gov.mk
Subject: vo vrska so baranjeto za GUP

DUTP Mag Ekskluziv DOOEL Stip,Borce Manoilov 078322611
,mbkonfekcija@gmail.com
kp 8423 102m2 dvor kp 8423/1 39m2dvor
korisna povrsina pod objekt kp 8423 99m2 i kp 8423/1 60m2
vo dvete kp ima 70 m2 pomosen objekt koj e vo procedura na legalizacija
objektot e izgraden 2010 godina ,objektoe e tvrda gradba tula ,beton,armatura
Vo objektot ima priklucok na voda,struja,odvod,
Objektot e vo dobra sostojba
Se raboti vo edna smena
Mag Ekskluziv ima trojca 3 vraboteni
Vo idni potrebi sakam da potenciram za pomosnata prostorija od 70 m2 koja e vo postapka na legalizacija i koja ni e potrebna za
obezbeduvanje na prostorija nameneta kako citalna, taka sto nasite studenti mozat da ja koristat za nivni potrebi

Pozdrav
Mag Ekskluziv
28.28.2013

Фермактекс



Ул. Железничка бр.бб Штип
Тел. 032-226-501 (централа)
032-226-503,504 (увоз-извоз)
032-226-510 (сметководство)
ФАХ 032-226-502

ДБ МК 4029006134567
МБ 6163300
Ж С-ка 300-0800000820-94
депонент Комерцијална банка

До
Општина Штип
Оделение за јавни служби и
Локален Економски Развој

Предмет : **Достава на податоци за ГУП**

- **ДПТУ ФЕРМАКТЕКС ДООЕЛ**
  Ул.Железничка бр.бб Штип

  Лице за контакт:
  Димитрова Ленче
  Тел.032-226-510
  Е-маил lence@fermaktex.com.mk

- Површина на локација – **3020 м2** (1572м2 под објектот и 1448м2 двор)

- Корисна површина на објектот - **2627 м2**

- Година на градба - **2007г.**

Објектот е изграден од армирано-бетонски систем на столбови и греди, со темелни траки и темелни столбови.

Управна зграда цврста градба.

- Приклучоци на инфраструктура:
  1. Водовод и канализација, цевен развод за надворешна и внатрешна Инсталација,одвод.
  2. Електрична инсталација, електроразвод за дворно осветлување, дворна инсталација, громобранска инсталација
  3. Телефонија
  4. Интернет

- Број на смени : Една смена претпладне
- Број на вработени : 286 вработени

- Идни потреби : Инсталација на плин .

Со почит,
Димитрова Ленче
Тел.032-226-510

Дата:
25.02.2013г.
Штип

ФЕРМАКТЕКС ДООЕЛ
Управител
Стојанов Зоран

МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА – ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА
БРЕГАЛНИЧКА ПРАВОСЛАВНА ЕПАРХИЈА
ЕПАРХИСКИ УПРАВЕН ОДБОР

Јавно претпријатие за урбанизам и уредување градежно земјиште
ШТИП-ПРОЕКТ, п.о.-Штип

Примено: 25-02 2013			
Орг. единица	Број	Прилог	Вредност
03	06/29		

Бр. 20
22.02. 2013 г.
ШТИП

ДО
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА
УРБАНИЗАМ И ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ
„ШТИП - ПРОЕКТ"
ШТИП

Предмет: Доставување на податоци.

Во одговор на Вашиот акт, доставен под бр. 03-06/18 од 14. 02. 2013 година, во определениот рок, Ни чини чест да Ви доставиме податоци за црквите кои се наоѓаат во планскиот регион на град Штип.

	Име на црква	Повр под обј	Повр на парцел	Адреса
1	„Свети Николај"	814	2336	Тошо Арсов бб
2	„Св. Архангел Михаил"	402	2693	4Македонска бригада
3	„Св. Архангел Михаил"	85	194	Иво Лола Рибар
4	„Свети Спас"	27	322	Кај ренгенот
5	„Св. Богород" Н. Село	1018	1556	Димитар Влахов
6	„Покров на Св. Богород.	114	304	Ѓуро Ѓаковиќ
7	„Св. Троица" (Чепреган)	185	3593	Гробишта
8	„Св. Јован Крстител'	55	724	Кеј Димитар Влахов
9	„Св. Јован Крстител"	71	17 373	Мв Крстот (н. Пребег
10	„Св. Пророк Илија"	211	613	Мирче Ацев
11	„Св. Климент Охридски"	442,45	4241	Сремски Фромит
12	„Св. Троица" (н. Баби)	205,5	3080	До градинка н. Баби
13	Св. Кирил и Методи(Баби)	150	2660	Крушевска (во изград
	ВКУПНО:	**3 779,95**	**39 689**	

Ви даваме на знаење дека минатата година е отпочнато со изградба на црква во н. „Железничка" (Кружен тек), која се гради на КП бр. 1110, со димензии 14,90 х 11, или 163, 90 м², а површината на парцелата не ни е позната и истата треба да се внесе во генералниот урбанистички план.

Исто така, водени од грижата за потребите на нашиот православен народ, предлагаме и бараме, во населбата „Леваци" да се определи парцела и истата да биде внесена во генералниот урбанистички план за изградба на нова парохиска црква, а како можни парцели ги предлагаме КП бр. 6192 и 6103, а исто така предлагаме, на ул. „Генерал Михајло Апостолски", односно на раскрсницата пред „Бриони" од лева страна, во самиот парк, кој е означен под КП бр. 8569, за КО Штип 6 да се предвиди локација за изградба на мала црква.

Во ова прилика Ве известуваме дека, лицето Голуба Хилјадникова, на Македонската Православна Црква и подари недвижен имот, односно земја, во површина од 336 м², која се води под КП бр. 10 431/2 за КО Штип 6, со желба и аманет, на истата парцела, за потребите на нашиот народ, нејзиниот син да изгради мала црква и да ја подари на Македонската Православна Црква – Охридска архиепископија, односно на Брегалничката епархија. Ве молиме истото да го имате во предвид и при изработката на генералниот урбанистички план, на наведената парцела да предвидите изградба на црква.

Во надеж дека Вашите и Нашите потреби ќе бидат задоволени, остануваме со изрази на особено почитување.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА
ЕПАРХИСКИ УПРАВЕН ОДБОР
МИТРОПОЛИТ БРЕГАЛНИЧКИ

UBB

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.59/00, 12/03, 55/05 и 37/06) Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 25.04.2006 година, донесе

О Д Л У К А
за престанување и давање на користење на недвижни ствари

Член 1

На досегашниот корисник Национална установа-Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Битола му престанува правото на користење на недвижната ствар – верски објект „Хајдар Кади Џамија", евидентиран во Поседовен лист бр.10385; којшто се наоѓа на КП бр.2390; К.О. Битола и тоа: под објект со вкупна површина од 424м^2 и двор со вкупна површина од 1701 м^2, на адреса: „Цане Василев"-Битола, имот во сопственост на Република Македонија.

На досегашниот корисник Национална установа – Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Штип му престанува правото на користење на недвижната ствар – верски објект „Хуса Мелин Паша Џамија", евидентиран во Поседовен лист бр.3909; којшто се наоѓа на К.П. бр.7410; К.О. Штип-2 и тоа: објект со вкупна површина од 100м^2 и двор со вкупна површина од 112м^2, на адреса: „Св.Илија"-Штип, имот во сопственост на Република Македонија.

Недвижните ствари од ставовите 1 и 2 на овој член се даваат на користење на Исламската верска заедница на Република Македонија.

Член 2

Правото на користење на недвижните ствари од член 1 на оваа одлука се дава без надоместок.

Член 3

Примопредавањето на недвижната ствар опишана во член 1 став 1 на оваа одлука ќе се изврши помеѓу досегашниот корисник Националната установа – Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Битола и новиот корисник Исламската верска заедница на Република Македонија, а примопредавањето на недвижната ствар опишана во член 1 став 2 од оваа одлука ќе се изврши помеѓу досегашниот корисник Национална установа – Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Штип и новиот корисник Исламската верска заедница на Република Македонија.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ШТИП

Број: 17-108/12 од 18.03.2013 год.

Сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита на животна средина

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ: 80

ГУП: за град Штип

Одлука бр: 08-1142/1 од 29.12.1999

М= 1: 10000

ИЗВОД ЗА ДЕЛ ОД УЕ:

СОДРЖИ:

1. **ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**
   - Заверена копија од синтезен план во идентична форма со граници на плански опфат за кој се однесува барањето за изводот со:
     - Легенда
     - Профили на примарна сообраќајна и друга инфраструктура
2. **ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:**
   - Заверена копија од: општи и посебни услови за градење, параметри за споредување на планот, мерка за заштита на културно наследство, на природата и животната средина, мерки за заштита и спасување, мерки за движење на хендикипирани лица и сл.

Изготвил:арх.тех.Викторија Инџекарова

Контролирал:дги.Силвана Николова

ОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ ОД ОПШТИНАТА

диа.Елена Арсова



Плачковица
Новакова чешма
196 % (5.2 m/sek)
NW
34 % (4.1 m/sek)
N
24 % (2.5 m/sek)
NE
52 % (3.1 m/sek)
W
13 % (4.1 m/sek)
E
50 % (2.2 m/sek)
SW
29 % (3.1 m/sek)
S
SE

НАМЕНА НА ПОВРШИНИТЕ

ЛЕГЕНДА

ДОМУВАЊЕ



ПОСТОЈНО ДОМУВАЊЕ



ИДНО ДОМУВАЊЕ

РАБОТНА ЗОНА



ПОСТОЈНА РАБОТНА ЗОНА



ИДНА РАБОТНА ЗОНА



НЕЧИСТА РАБОТНА ЗОНА

ОПШТЕСТВЕН СТАНДАРД



ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ



РЕОНСКИ ЦЕНТРИ



ОБРАЗОВАНИЕ



ГРАДСКА БОЛНИЦА



ЗДРАВСТВЕН ДОМ



ПАРКОВСКО РЕКРЕАТИВНА ЗОНА



СПОРТСКИ ТЕРЕНИ

ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО

ОСТАНАТО



ГРОБИШТА

КАСАРНА

КЛАНИЦА

ЗАВОД ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ДЕЦА СО ОШТЕТЕН СЛУХ И ГОВОР ("ИСКРА")

ЖС ЖЕЛЕЗНИЧКА СТАНИЦА

АС АВТОБУСКА СТАНИЦА

МС МЕТЕОРОЛОШКА СТАНИЦА

ТВ ДЕПО „ЗА ТОВАРНИ ВОЗИЛА

ППС ПРОТИВПОЖАРНА СТАНИЦА

ФС ФИЛТЕР СТАНИЦА

ПС ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА ЗА ОТПАДНИ ВОДИ

ПС ПУМПНА СТАНИЦА

ЖП ЖЕЛЕЗНИЧКА ПРУГА



УЛИЧНА МРЕЖА

ВОДЕН ТЕК

ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖЕН РЕОН

ГРАНИЦА НА УРБАНО ПОДРАЧЈЕ

УНИВЕРЗАЛНА СПОРТСКА САЛА



Кочани
Плачковица
Новакова чешма
М5
М6
Р1116
Р1117
Р1118
Р1119
Р1120
Р1121
Р1122
Р1123
Р1124
Р1125
Р1126
Р1127
Р1128
Р1129
Р1130
Р1131
Р1132
Р1133
Р1134
Р1135
Р1136
Р1137
Р1138
Р1139
Р1140
Р1141
Р1142
Р1143
Р1144
Р1145
Р1146
Р1147
Р1148
Р1149
Р1150
Р1151
Р1152
Р1153
Р1154
Р1155


196 % (5.2 m/sek)
NW
34 % (4.1 m/sek)
N
NE
52 % (3.1 m/sek)
W
50 % (2.2 m/sek)
SW
29 % (3.1 m/sek)
S
Новакова чешма
Радан
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ШТИП

ПРИМАРНА УЛИЧНА МРЕЖА НА ГРАД ШТИП ДО 2010г.

ЛЕГЕНДА

(1,2.....45) - КРСТОСНИЦИ

"А" - МАГИСТРАЛНИ УЛИЦИ "ГМ"

"Б" - СОБИРНИ УЛИЦИ "СУ" (В=15m)

"В" - СОБИРНИ УЛИЦИ "СУ-а" (В=26m)

"Г","Д","Е"-ПРИСТАПНИ УЛИЦИ "ПУ"

"ГМ-а" - ГРАДСКИ МАГИСТРАЛНИ УЛИЦИ (В=45m)

"ГМ-б" - ГРАДСКИ МАГИСТРАЛНИ УЛИЦИ (В=39m)

В = ВКУПНА ШИРИНА НА УРБАНИСТИЧКИОТ ПРОФИЛ

МАС - МЕГУМЕСНА АВТОБУСКА СТАНИЦА

ЖСТ - ЖЕЛЕЗНИЧКА ПАТНИЧКО- ТОВАРНА СТАНИЦ

УЛИЦИ "ГМ-а"



УЛИЦИ "ГМ-б"



УЛИЦИ "СУ"



УЛИЦИ "СУ-а"



УЛИЦИ "ПУ"



РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА ШТИП

8 .ДЕФИНИРАЊЕ НА ГРАНИЦИТЕ НА ОПФАТОТ НА УРБАНОТО ПОДРАЧЈЕ

Почетната точка на опфатот на урбаното подрачје на гр. Штип се наоѓа на пресекот на патиштата Струмица-Кочани(обиколен пат покрај Штип) и стариот пат Штип-Т.Велес, железничкиот патен правец Т.Велес-Штип и тоа левата страна на двата пата. Оди на североисток по левата страна на обиколниот пат се до надвозникот на пругата Штип-Кочани,и од овде оди кон североисток покрај оградата на Р.О."Балкан Експрес" во правец на село Чардаклија и крај К.П.903/3 во К.О.Чардаклија сопственост на Штерјов Штерјо и Николов Никола од село Чардаклија. Потоа продолжува на исток по јужната меѓа на К.П.902 сопственост на Коцев Ванчо од Штип,излегува на патот Штип-Кочани каде што се спојува со обиколниот пат Струмица - Кочани и го преминува истиот. Доаѓа до северната граница на К.П.487,потоа јужната страна на К.П.488 и до патчето К.П.1139 што го дели м.в."Инкар"и м.в."Ливади".Цело време се движи по тој пат и доаѓа на северната граница на К.П.864 и К.П.737 и се движи до реката Брегалница. Се движи во спротивен правец на течението на река Брегалница, стигнува до меѓата помеѓу К.П.477 и К.П.527 и доаѓа до патот Штип-Плачковица.

Од овде границата на опфатот продолжува на југоисток сечејќи го патот Штип-Плачковица и по северната страна на К.П.155/1 сопственост на ЗИК"Црвена Ѕвезда" и К.П.158 сопственост на Република Македонија до долот "Герен" со К.П.4683 во К.О.Караорман.

Го поминува патот Штип-Плачковица и оди кон северната страна на К.П.539 сопственост на Стојанов Киро.Од овде продолжува кон исток до јужната страна на К.П.525 сопственост на Ангелов Стојан по која што се движи,минувајќи низ м.в."Герен".Потоа оди по јужната страна на К.П.514 сопственост на Наков Јане,па минува по југоисточната страна на К.П.515 сопственост на Д.О."Таринци", па по југоисточната страна на К.П.516 сопственост на Андонов Јане. Границата на опфатот продолжува по северната граница на К.П.519 сопственост на Д.О."Таринци", па поминувајќи го м.в."Герен" доаѓа до јужната страна на К.П.520 сопственост на Мирков Димко.Потоа продолжува на исток движејќи се по северната граница на парцелата К.П.521 потоа свртува на југ сечејќи ја парцелата со К.П.558/2 сопственост на Република Македонија,и по нејзината југозападна страна доаѓа до К.П.584 и ја сече парцелата со број К.П.558/1.

Одејќи на југ поминува низ долот со К.П.4683"Герен",влегува во К.О.Штип па поминува до К.П.174 сопственост на Р.М.и оди кон југ до м.в."Пингова Чешма".

Од "Пингова Чешма" свртува на југоисток, го сече долот со К.П.4604 оди на југ сечејќи ја К.П.819/1,стигнува до северозападното ќоше на К.П.819/2,продолжува на исток по долот со К.П.4603 се до над црквата "Св.Недела"продолжува кон Југ до К.П.569 по југозападната страна на оваа парцела сопственост на Република Македонија.,до стариот пат за село Радање.Го следи патот со К.П.4646 во правец према Град Штип,доаѓа до

К.П.783 сопственост на Република Македонија,и од овде свртува кон исток низ К.П.781сопственост на Република Македонија се до највисоката точка со кота 423/6 и од овде оди на југоисток низ м.в."Црвени Брегишта". Цело време границата оди кон југ до К.П.2294 по нејзината северозападната страна, потоа поминува на северозападната страна на парцела со К.П.2293 и оди во правец на југоисток, го пресекува долот, се движи покрај северозападната страна на К.П.2304 и К.П.2305 и го сече патот према "Попова Чешма".Потоа продолжува на југоисток на парцелата со К.П.2255,па покрај источната страна на К.П.2543 оди кон јужната страна на К.П.2545,продолжувајќи на југ по границата на К.П.2548 стигнува до источната страна на К.П.2553.Границата продолжува по североисточната страна на парцелата со К.П.2554 и по југозападната страна на истата парцела стигнувајќи до К.П.2559 продолжува на исток по долот во спротивна насока неговото течение,па оди по источната страна на парцелата К.П.2706.Од овде доаѓа до патот со К.П.4668 ,се движи во правец на исток по истиот се до парцела со К.П.2684 движејќи се по нејзината источна страна во правец на југ.Свртува на југоисток по К.П.2738 и К.П.2739,движејќи се по границата на парцелите К.П.2746 и К.П.2745 свртувајќи на југ и се спушта во река Отиња.

Ја сече реката Отиња и продолжува да се движи на запад по северната граница на парцелите со К.П.2981,2670,2669,3007,3008,3010,3033,па оди по северната страна на патот со К.П.3009,свртува на југозапад до полскиот пат со К.П.2198 и доаѓа до К.П.2197/3 сопственост на Наумов Стојан,каде што се вкрстува со патот кон м.в."Чамлакот"со катастарски број 2177.Од овде свртува на југозапад по југоисточната страна на парцелите со К.П.2176 и К.П.2166,продолжувајќи по југоисточната страна на К.П.2167, доаѓа до асфалтираниот пат за м.в."Суитлак".Оди по патот до К.П.2174 по југоисточната страна ,па свртува на север по полскиот пат со К.П.4664 се до северните граници на парцелитте со К.П.2108 и 2107,врти кон југозапад по источната страна на К.П.2085/2,2084,2085/1,2080, потоа го сече долот со К.П.4612 помеѓу м.в."Шардаван Баши" и м.в."Каваклиски Рид"го поминува долот над чешмата продолжувајќи на југозапад по југоисточната страна на К.П.2081 сопственост на Република Македонија и во истиот правец во права линија ја сече К.П.2071,паша,сопственост на Република Македонија и К.П.2073 паша, сопственост на Република Македонија.Потоа го сече патот-Штип-Струмина Чешма К.П.4662 кај југоисточното ќоше на К.П.3683 сопственост на Данилова Петра и од овде границата свртува на запад, ја заобиколува парцелата К.П.3683 по нејзината јужна страна и доаѓа до дол со К.П.3682.Одовде свртува на север до десната страна на долот по течението на водата и доаѓа до патот Штип-Ташли Баир К.П.3686, го минува патот и по неговата десна страна ,границата оди на југ се до југоисточното ќоше на К.П.2050 сопственост на Република Македонија. Одовде свртува на запад и по јужната страна на К.П.2050 доаѓа до долот со К.П.4613,одовде свртува на северозапад по права линија преминува преку долот кај К.П.2037 сопственост на Иван Рунтев и продолжува по нејзината јужна страна на К.П.2042 сопственост на Ристов Ѓоре, ја сече К.П.2017 сопственост на Република Македонија и доаѓа до тромеѓето меѓу К.П.2018/2 и К.П.2017 сопственост на Република Македонија.Одовде продолжува по јужната страна на К.П.2017 и доаѓа до патот Штип-Кадидере К.П.2013,го

сече патот и доаѓа до тромеѓата меѓу К.П.2005 сопственост на Ацо Камчев и К.П. 2007 сопственост на Спасов Александар и патот К.П.2013.Потоа границата свртува на север и оди по источната страна на К.П.2007 и доаѓа до К.П.2008 сопственост на Кадев Ацо,свртува западно и оди по јужната страна на К.П.2008,на К.П.1997 сопственост на Република Македонија,К.П.1999 сопственост на Република Македонија и доаѓа до полскиот пат Штип-Кадидере К.П.4661,го сече патот и свртува на југ и оди по јужната страна на К.П.3794 сопственост на Мемудов Мемед К.П.3790 сопственост на Република Македонија.Одовде свртува на запад по јужните страни на К.П.3793; К.П.3794; и К.П.3796 сопственост на Мемудов Мемед,го заобиколува резервоарот за вода на "Фортуна" К.П.3761/2 по западната страна на К.П.3802 сопственост на Ѓоргиева Родна оди северно, го минува патот Штип-Кумлак К.П.1988 кај јужното ќоше на К.П.1991 сопственост на Република Македонија и продолжува на север по западните страни на К.П.1991,К.П.1990 сопственост на Донев Доне и други и доаѓа до патот Штип-Кумлак во м.в.Кумлак К.П.4660 , го минува патот и свртува југозападно по неговата десна страна се до К.П.1970 сопственост на Ефремов Никола.

Одовде по права линија оди на запад, ја сече К.П.1968 сопственост на Република Македонија преку ридот "Кумлак" кота 432 и тригонометар 81 и доаѓа до меѓна белега број 14.

Границата продолжува да се движи на запад од меѓната белега 14 во м.в."Еврејски Гробишта" и доаѓа до северното ќоше на К.П.493,продолжува да оди по нејзината северна страна и доаѓа до северната страна на К.П.489.Од овде свртува на југ по западната страна на К.П.489 го сече долот и на запад сече дел од К.П.123 па излегува на север во К.П.578/1. Продолжува по источната страна на оваа парцела ,па оди по источната страна на парцелите со К.П.577и 578,пресекувајќи дел од К.П.123 продолжува по северната страна на К.П.563.Од овде оди по западната страна на К.П.563,па свртува по западната страна на К.П.513 и 514, го поминува долот и доаѓа до К.П.561. По западната граница на К.П.561 продолжува на југ по К.П.562; 554/2; 548; 549/1; 459/2 се по нивните западни граници ,го сече долот со К.П.819 и продолжува по западната страна на К.П.820; 821; 815; 807. Движејќи се по јужната страна на К.П.807 оди по источната и јужната граница на К.П.522 доаѓа до патот за Новакова Чешма. Се движи по патот за Новакова Чешма со К.П.1439 до јужното ќоше на К.П.1029 и свртува на запад сечејќи го патот за Новакова Чешма,продолжува по јужната страна на К.П.767 и К.П.766,потоа се движи по источната и северната страна на К.П.760 па оди по југозападната страна на К.П.761.Продолжува по северозападните граници на парцелите со К.П.774; 775; 776; па се движи по јужната страна на К.П.781; 701; 703; продолжува кон запад по К.П.704 и К.П.705 оди кон југ по северната страна на К.П.693/2; К.П.707,па по западната страна на К.П.710,сето тоа во м.в."Алова Сеница". Потоа границата на опфатот на урбаното подрачје се движи по источната и јужната страна на К.П.738,и доаѓа до долот К.П.1430,се движи по долот и свртува по јужната и заподната страна на К.П.1077 ,ја заобиколува парцелата со К.П.1081 кон К.П.1082.

Одовде врти кон источната страна на К.П.1084 па кон југ на источната страна на К.П.1194,го сече делот на К.П.1193 и оди кон источната страна на

К.П.1107 и К.П.1108. Од овде го сече долот со К.П.1192 во спротивен тек на течението и продолжува кон запад на катастарските парцели со бр.1166; 1167;1168; 1169; врти на запад кон јужната страна на К.П.1165, па се движи на југ по К.П.1156 заобиколувајќи ја оваа парцела стигнува на јужната страна на К.П.1163 и до југоисточната страна на К.П.1151.
Од оваа парцела продолжува по К.П.1159 по нејзината јужна страна па пак се враќа по јужната страна на К.П.1151 и по К.П.1147,и стигнува до патот Радовиш-Штип. Го сече патот Радовиш-Штип и доаѓа до магистралниот патен правец М-6 Штип-Струмица, го пресекува истиот и продолжува по него се до почетната точка на опфатот на урбаното подрачје.

7. ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Вовед

Ако за некој простор или населено место постои некаква прекретница во процесот на планирањето тогаш за град Штип тоа е 1984 година кога се донесени Просторниот(ПП) и последната поголема измена и дополнување на постојниот Основниот урбанистички план (ОУП).

Квалитет на постојниот ОУП е што истиот е во согласност со Просторниот урбанис-тичли план (ПП), и што овие два плански документи се работени истовремено.

Ваков приод ја поврзува целисходноста за истовремено , поврзано и услов-но планирање на просторот на нивои кои подразбираат:

1. Просторно средиште,
2. Околен комплементарен простор и
3. Пошироко окружување.

Измената и дополнувањето на ОУП од 1984 год. е работен врз основа на принципот на урбано зонирање со определување на правците на просторниот развој на основните функци-онални зони и нивно поврзување во единствен и компактен градски организам.

Генералниот урбанистички план е само еден од низа планови во процесот на долгорочното насочување на развојот на Штип, со кој се обезбедува соодветна организација, уредување и користење на територијата на неговото подрачје. Нужно е да се укаже дека перманентното одвивање на процесот на планирањето на градот, со општествена верификација на одделни фази и дополнување за период од околу пет години, е нужност и начин на работа кој произлегува од најновите одредби на суштината на планирањето кај нас. Постојната планска документација е работена во едно друго време во кое општествено -политичкиот и економскиот систем се карактеризира со неидентификувана сопственост на средствата за производство и на позначителните материјални добра, како и договорна економија.

Трансформациите во општествено политичкиот и економскиот систем кои настанаа на почетокот на деведесеттите години се негација на досегашниот општествено политички систем. Заштитата на приватната сопственост, односно носителот на сопственост кој во секое време може да се идентификува, како и трансформацијата на стопанството да егзистира во пазарни услови на стопанисување, стануваат базични определби и подолгорочна стратегија на новиот општествено политички систем.

Од сето ова горенаведено произлегува заклучокот дека во едни така изменети општествено економски услови, се наметнува потребата за преиспитување на ставовите и насоките на постојниот ОУП. Ако една од задачите на урбанистичкото планирање е и давање предлози за усогласување на интересите на сопствениците во користењето на

сопствениот имот и остварување на профит врз основа на таа сопсвеност, тогаш измените и дополнувањата на постојниот ОУП се наметнуваат како наши обврски и тоа во што пократок временски рок. Сето тоа укажува на потреба од воведување на нови принципи во планирањето на идниот урбан развој на град Штип.

Големо значење на доследноста на развивањето на идејата на Генералната просторна организација и реорганизација на урбаниот простор на Штип, односно за понатамошна планска постапка, има децидно и објективно истакнување на оние елементи од досегашните планови и досегашната реализација кои преставуваат непроменета основа за идиот развој на градот и се доказ за почитување на можностите, условите и шансите, односно за нешто што е создадено или е обврска на позитивното наследство.

Во анализата на постојната состојба подетално се разгледани природните и создадените карактеристики во просторот на град Штип, од кои во наредниот текст ќе бидат изнесени кратки изводи со цел да може полесно да се следи прогнозирањето на урбаниот развој за наредниот период до 2010 год. земајки ги податоците од 1994-1995-1996 год.

25. ОДРЕДБИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЛНИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ГРАД ШТИП

1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Чл.1

1. Со овие Одредби

- се определуваат условите и мерките за спроведување на замислите и ставовите на Генералниот урбанистички план (ГУП) на град Штип;

- се дообјаснуваат некои ставови за чие правилно сваќање и спроведување од текстуалниот и графичкиот дел на планот не можат да се добијат секогаш целосно јасни одговори;

- се укажува на надлежните органи за понатамошното донесување на акти низ кои ќе бидат поблиску и подетално согледани и регулирани поедини конкретни зафати во рамките на опфатот на урбаното подрачје на градот;

- се утврдуваат глобалните смерници за изработка на планска документација од понизок ред;

2. Овие одредби се применуваат во сите фази за разработка и реализација на ГУП и претставуваат негов составен дел.

2. СТАНБЕНА ЗОНА И СТАНОВАЊЕ

Чл.2

1. Основен а воедно и најдоминантен вид на градба во станбената зона се станбвените згради.
2. Во зависност од бројот на становите станбените згради може да бидат индивидуални и колективни.
3. Според преовладувачката намена станбените згради може да бидат: чисто станбани, станбено-деловни и деловно-станбени.

Чл.3

1. Во поглед на деловната намена во станбено-деловните и деловно-станбените згради првенствено доаѓаат предвид оние кои го сочинуваат таканаречениот комплементарен блок на намени на становање (дуќани, продавници, работилници, сервиси и др.), а потоа треба да се предвидуваат деловни простори за обавување на дејности од сите други области, но не и оние кои се карактеристични:

- индустриски начин на производство;

- големи загадувања на воздухот, почвата и водата;
- еманација на непријатни мириси што може да се осеќаат во дворни места и објекти кај непосредните соседи;
- бучави кои во дворните места и објектите на соседите се слушаат со интензитет поголем од 60 децибели во повеќекратни перманентни периоди преку денот подолги од 5 минути.

Чл.4

Во станбената зона може да се предвидуваат и градат и објекти за нестанбена намена, а првенствено оние кои се комплементарни на домувањето (за основно школство, примарна здравствена заштита, институции за деца од предшколска возраст, спортско-рекреативни пунктови и сл.). Исклучени се предвидување и градби на објекти за намени искажани во чл.3 алинеа 1,2,3,4.

Чл.5

Во рамките на станбената зона возможна е градба на објекти со нестанбена намена од пошироко значење (реонско и градско) и тоа првенствено од областа на образованието, културата, трговијата, угостителството, управата, администрацијата и сл. Под услови што ќе произлегуваат од ДУП за соодветен простор што претставува дел од станбената зона.

Чл.6

1. Пренаменатa на постојните станбени објекти за нестанбена намена во рамките на станбената зона ќе биде дозволена во сите оние случаи што не ќе бидат во спротивност на чл.3 и чл.5 од овие одредби.

Чл.7

1. Нето густина на населеност во рамките на станбената зона на ниво на ГУП, при изработка на детални урбанистички планови претставува бруто густина на населеност во однос на вкупната земјишна површина за која се изработува детален план.

2. При изработка на детални урбанистички палнови за делови од станбена зона, зависно од системот за градба треба да се спазуваат просечните густини на населеност како и просечниот број станови и станбена површина на еден хектар, дадени во поглавјето за домување.

Чл.8

1.Кај станбените, станбено-деловните и деловно-станбените објекти кои имаат висина поголема од 16.00м сметајќи од влезот на зградата, задолжително треба да се предвиди лифт,

2. Условот од претходниот став се однесува на новопредвидените објкети.

Чл.9

1. Сите инвеститори на нови станбени, станбено-деловни, деловно-станбени и други нестанбени објекти се долчни во рамките на парцелите да обезбедуваат паркирни места за леки коли за свои потреби и потребата на деловните соработници. Во се према законските прописи.

2. Kaj новопредвидените индивидуални станбени згради и кај реконструкциите мора да се предвиди едно паркирно место во објект и едно паркирно место во рамките на локацијата- дворот. Ако локациските услови не го обезбедуваат овој услов, гардот не презема обврска на таквите инвеститори да им обезбедува паркирни места надвор од нивната локација.

3. За новопредвидени колективни станбени згради мора да се спазува условот на еден стан да се обезбедува најмалку 1,2 парткинг места во рамките на локацијата односно земјиштето што припаѓа на зградата. Ако нема доволно расположиво слободно земјиште, овој услов ќе се исполнува со предвидување на паркирни места во рамките на габаритот на објектот.

Чл.10

1. Заради поквалитетна изработка на деталните урбанистички планови во рамките на станбената зона, територијалните опфати на поедини потцелини треба да се движат во рамките од 15-30ха со отстапување од + - 10%. Тоа е големина на една просечна теоретски согледана планерска единица наречена Месна заедница, во која според вообичаената густина на населението во зависност ос применетиот систем и висини на градба може да се сместат 2500-5000 жители.

2. Во рамките на теоретските согледувања во претходниот став е рационално да се предвидуваат простори и градат објекти за основните комплементарни функции на домувањето во кои влегуваат: основно училиште, претшколски институции, разни видови деловен и продажен простор за секојдневни услуги, мали неизградени површини за детски, спортски игралишта, скверно зеленило и др.

Чл.11

1. Во централното градско подрачје и на други места во станбената зона, деталните урбанистички планови можат да се изработуваат и вон од наведените големини од претходните членови на овие одредби ако тоа се однесува на плоштади со околните објекти , нивно окружување, улици или делови од улици како посебни амбиентални целини, делови или цел комплекс на чаршијата, други комплекси за кои ќе се оцени дека може и дека е потребно да се изработи посебен детален урбанистички план.

Чл.12

Во деталните урбанистички планови за делови од станбената зона и централното градско подрачје, со нивните одредби за спроведување, попрецизно ќе се обработат условите за реконструкција, доградби, надградби и адаптација на постојните објекти, како и лоцирање на нови.

Чл.13

1.При оценување дали со некоја новопредвидена градежна интервенција се врши битно нарушување на условите за живеење во постојните објекти се поаѓа од следните начелни права:

-право на сонце

-право на непречено владеење со имотот

2. Спред првото начело ниедена градежна интервенција во постојните изградени делови на станбената зона не смее да го намали времето на осончување на ниедна од фасадите на околните објекти во време на зимскиот солстиций во споредба со постојната состојаба, под претпоставка на фасадите на постојните објекти да имаат прозори.

3. Според второто начело треба да се спазува принципот секоја новопредвидена зграда треба да биде лоцирана на една парцелаи да има директен контакт со јавната сообртаќајна површина т.е. до максимална можна мера да се одбегнуваат службености во располагање со имотот.

4. Наведените ограничувања во став 2 на овој член не се однесуваат на постојните стекната односи ни на новопроектираните комплекси на неизградени површини. т.е. онаму каде нема постојни објекти па според тоа и непостојат услови за битно нарушување на условите на живеење. Во тие случаи се меродавни концепциите на урбанистичките решенија и диспозициите на објектите дадени во нив.

РАБОТНА ЗОНА

Чл.14

1. Во работната зона се предвидени шест начелни подгрупи на намена итоа:

- нечиста индустрија
- чиста индустрија
- сервиси и мало стопанство
- стопански дворови и претпријатаија и работни организации
- складишта
- царинско шпедитерски терминал

2. Групирањето е направено со цел оптимално да се одвиваат поединте дејности без поголеми взаемни негативни влијанија како и заради подобро задоволување на заедничките комплементарни потреби.

Чл.15

1. Во деловите на работната зона наменати за нечиста индустрија се лоцираат оние работни или индустриски капацитети за кои е потребно да се изготвува техничка документација за процена на влијанието врз животната средина и ако со таа документација се констатира дека би се предизвикале оштетувања или значителни промени во пеиродната средина, согласно со чл.14 став3,точка 1 од Законот за заштита и унапредување на животната средина и приридата("Сл.Весникна РМ", 69/96).

2. Во овие делови на работната зона ќе се лоцираат и оние индустриски или работни капацитети кои во процесот на работењето создаваат бучава која вон границите на стопанскиот двор се манифестира со јачина поголема од 90 децибели во непрекинато траење од еден саат во текот денот или во повеќекратни периоди подолги од 15 минути, или бучава поголема од дозволената со закон или подзаконски акт.

Чл.16

1.Работната зона во градот воглавно е на самиот влез во истиот од патниот правец Скопје - Штип и на патниот правец Штип - Кочани,

2. на овие простори воглавно егзистира лесната индустрија (текстилна, кожарска, металопреработувачка), градежни претпријатија, складишта, сервиси, мало стопанство не се децидно поделени.

Нечистата индустрија е постојна на патниот правец Штип-Радовиш и тоа на десната страна од истиот каде и понатаму даваме можност за развој на истата. А на спротивната страна од нечистата предвидуваме простор од околу 150 ха за развој на лесна индустрија во комбинација со складови , мало стопанство или со еден збор - чиста индустрија.

Чл.17

Големо внимание треба да се обрне да во постојните и планираните простори на работна зона не се појави изграба на објекти за индивидуално домување кои би го пореметиле планираното зонирање и би претставувале голем проблем во реализацијата на ГУП.

Чл.18

При изработка на деталните урбанистички планови или измена и дополнување на постојните наша сугестија е да се приога на едновремено планирање на поголема физичка целина заради поквалитетна организација на поширокиот простор.

Чл.19

1. Постојните индивидуални станбени згради во работната зона (во про-должение на складовите на "Макпромет") ќе егзистираат до моментот додека не се јави интерес да се реализира оваа работна зона со што наша

препорака е да постојните објекти се вклопат во функцијата на работнаат зона.

Чл.20

Инаку при деталното планирање на просторите ангажирани за работна зона треба да се почитуваат сите законски нормативи од аспект на: графичка презентација, коефициент на изграденост, спратност...

23. ПЛАНСКИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАРИ ИДРУГИ КАТАСТРИФИ

Заштита од пожари е регулилрана со "Законот за заштита од пожари" (Сл.Весник на СРМ, бр. 43/86, во чиј член бр.9 се вели:

" Заради остварувањена поуспешна заштита од пожари , соодветни мерки за заштита од пожари се предвидуваат во просторните планови на општината и урбанистичките планови на населените места, а особено за:

1. Изворите за снабдување , капацитетите на градската водоводна мрежа и водоводните објекти (црпни станици, резервоари, хидранти и сл.) кои обезбедуваат доволно количество вода за гаснење на пожари;
2. Оддалеченоста мегу зоните предвидени за станбени и јавни објекти и зоните предвидени за индустриски објекти и објектите за специјална намена(за сместување на лесно запаливи течности, гасови и експлозивни материи);
3. Одалеченоста на објектите со различна намена и отпорноста на пожари на конструкциите внатре во индустриската и станбената зона и објектите за специајлна намена, која ќе овозможи спроведување на мерките за заштита од пожари и
4. Ширината носивоста и проточноста на патиштата со кои ќе се овозможи пристап на противпожарни возила до секој објект и нивно маневрирање за време на гаснењето на пожарите.

Изработување на плановите од став1 на овој член задолжително прибавува мислење од општинскиот орган на управата надлежен за внатрешни рабоати во однос на застапеноста на на мерките за заштита од пожари."

Освен цитираната содржина на чл.9 не постои друга законска или подзаконска регулатива за поблиска содржина на елаборатите за противпожарна заштита во ставот на разните видови простории и урбанистички планови.

Во овој елаборат ќе биде даден осврт на тоа во колкава мера поставките на оваа ревизија на ОУП одговара на барањата и мерките содржани во четирите точки од чл.9 на Законот.

Првата точка упатува на мерки за обезбедување на капацитетите на градската водоводна мрежа и соодветни објекти во мрежата преку кои би се располагало со доволни количества вода за гаснење на пожари во рамките на опфат-от на урбанистичкото подрачје.

Во аналитичкиот и планерскиот дел на ГУП е констатирано дека Штип е град во кој проблемот на водоснабдување секојдневно е се поголем така да користењето на истиот за потребите на противпожарна заштита е многу несигурно.

Она што е речено во анализата на постојната состојба и во предвидувањата за понатамошното водоснабдување на градот ниту сега ниту во блиска иднина не дава гаранција дека многу би се подобрила состојбата од овој аспект што значи дека членот 9 од овој закон тешко може да се испочитува.

Ако гореспоменатото го изанализираме ќе го констатираме следново:

Од аспект на покриеност на урбаното подрачје со водоводна мрежа може да се констатира дека истата е присутна на целиот овој простор без разлика на староста на инсталацијата;

Што се однесува до хидрантската мрежа таа е предмет на планирање на пониски нивои: во деталните урбанистички планови и во условите за градба на колективните станбени згради и други поголеми нестанбени објекти од областа на општествениот стандард и стипанството, односно при изработка на главни проекти за ширење на водоводната мрежа или за реконструкција на постојната и сето тоа во согласност со подзаконската регулатива за ефикасно спротиставување на пожарите.

Втората точка од член 9 зборува за обезбедубање на неизградени простори, како едни од позитивните фактори за заштита од пожари, помеѓу станбената и работната зона, затоа што начелно се проценува дека во работната зона се наоѓаат или складираат поголеми количини леснозапалливи и експоливни материи.

Во случајот на Штип од овој аспект постојат создадени карактеристики кој од аспект на нормална комуникација во рамките на урбаното подрачје е негативна , а од аспект на заштита од пожари мошне позитивна. Тоа се железничката пруга и коритото на река Брегалница кои може да се рече дека комплетно ја одвојуваат индустриската од зоната за домување. Земјишниот појас на железничата пруга како и коритото на Брегалница со слободни и неизградени простори како и изградените и предвидените сообраќајници покрај нив претставуваат противпожарни прегради од прв ред кои ќе спречат пренесување на евентуално појавени пожари од работната во станбената зона и обратно.

Што се однесува до бесправно изградените станбени групации "Железничка" лево и десно од патот Штип-Велес-Скопје, кој се непосредно до работната зона во индустриска зона"Запад" и во самото ткиво на индустриската зона "Север" иако со овој план ќе добијат третман првата како станбена населба со лимитирања како што се дадени во предлогот а втората третира како времено становање на површина која е предвидена за работа и која ќе егзистира се додека не се реализира работната зона со тоа што станбените објекти ќе се вклопат во предвидените работни простори. Точно е дека на овие локалитети негативните влијанија од работната зона ќе бидат најголеми, па заради тоа и опасностите од пожари, меѓутоа нивното задржување и вклопувањето во палнот е една реалност која неможе да се негира , до толку што органите на власт во изминатиот триесетгодишен период или неможеле или несакале ефикасно да се спротиставуваат на бесправната градба кога таа беше во зародиш и во неспоредливи помал обемод денешниот.

На повеше места во рамките на урбаното подрачје се предвидени помали делови од работна зона наменета воглавно за развој на сервиси и

мало стопанство. Некои од овие делови се во понепосреден контакт со деловите на станбената зона , но во нив екатегорички забрането лоцирање на стопански субјекти што се занимаваат со лагерување и промет на лесно запаливи и експлозивни материи или во нивните технолошки процеси користат поголеми количини натакви материи.

Третата точка го наметнува прашањето за обезбедување на слободни неизградени површини околу различните видови на објекти како позитивни фактори во успешната противпожарна заштита. Исто така оваа точка упатува на поголема примена на градежни материјали кои се отпорни на пренесување на пожар. И едното и другото барање се предмет на обработка во деталните урбанистички планови во кои се определуваат, покрај останатото и диспозицијата на објектите, нивните намени, меѓусебни просторни односи, односи кон уличната мрежа и т.н.

Барањата од 4 точка на чл.9 на Законот се исто така предмет на елаборација во пониските планови т.е. деталните урбанистички планови . Барањата укажуваат на предвидување и обезбедување на такви ширини, носивости и проточности на улични профили кои ќе обезбедуваат непречено движење и маневрирање на противпожарните возила за време на гаснење на пожарите. Во таа смисла се и насоките на овој ГУП во определување на попречните профили на магистралните и колекторските улици, во кои најмалата ширина на една сообраќајна лента во една насока мора да биде најмалку 3,5 односно 3,0 , а вкупниот регулационен профил кај магистралните улици 24,0 м и повеќе(или во зависност од постојната состојба) и кај колекторските 15,0м. и повеќе (или во зависност од постојната состојба) Во функција на што побрза интервенција во гаснење на пожари е и планската обврска магистралните улици да имаат најмалку по две сообраќајни ленти во две насоки , со реско подвојување на пешачките и моторните движења. Кај колекторските е услов да се обезбедува најмалку по една сообраќајна лента во двете насоки со диференцирање на пешачкиот и моторниот сообраќај.

Што се однесува до вкупните регулациони профили од повисок ред (колекторски и магистрални) некои автори нив ги посматраат и како противпожарни прегради од 1, 2 и 3 ред.

За противпожарни прегради од прв ред се сметаат оние неизградени простори или улични профили кои имаат ширина најмалку колку што е збирот на висината на објектите од спротивната страна плус 20 м. Противпожарни прегради од 2 ред се оние кај кои ширината е равна на збирот на висината на објектите од споротивната страна плус 10 м, а кај прегради од трет ред ширината треба да биде најмалку колку што е збирот на висините на објектите од спротивните страни.

Противпожарните прегради од прв ред го спречуваат пренесувањето на пожарите , од втор ред даваат сразмерно добра заштита од пренесување на пожарите, а од трет ред само го отежнуваат пренесувањето на пожарите но и не го спречуваат при подолго траење.

Согласно изнесеното, добар дел од постојните и новопредвидените магистрални и колекторски улици се противпожарни прегради од прв и втор ред меѓу кои би можело да се издвојат следните: "Гоце Делчев", "Димитар Влахов", "Васил Главинов", "Партизанска"

Како противпожарни прегради од трет ред можат да се сметаат улиците: "Сутјеска", "Пиринска", "Борис Крајгер", "Раданski Пат"

На таков начин урбаното подрачје е изделено на помали делови ограничено со улици или со други неизградени надземни објекти, коридори кои во случај на пожари од поголем обем ќе го спречуваат или успоруваат пренесувањето на пожарите и формирањето на пожарни олуи кога горат едновремено групи објекти или цели блокови.

Поголеми зелени површини на кои е застапена густа концентрација на насади од четинарски култури, не претставуваат противпожарни прегради, туку, напротив се уврстуваат во добри пренесувачи на пожари. За овој момент мора да се води сметка при детално планирање и реализирање на хортикултурни решенија за парковски скверни и други зелени површини.

При немање на попрецизна подзаконска регулатива во урбанизмот за критериуми и нормативи за определување на пожарното оптеретување на различно изгртадени просторни опфати, ќе бидат применети пак некои авторски предлози за изразување преку еквивалентна количина дрво во килограм на 1м2 земјиште, земајки калоричната вредност на 1кгр дрво изнесува околу 16,75 МЏ (мега џаули), односно поранешна мерка 4000 ккал (кило калории). Па така:

- За пожарно оптеретување до 25 кг/м^2, односно до 420 МЏ калорична вредност на 1м^2 земјиште може да се рече дека е амло а со тоа и опасностите од ширењето на пожари се мали. Во оваа категорија влегуваат сите оние новоизградени комплекси со индивидуална станбена градба со просечна катност од П+1 кат примена на современи градежни материјали и армиранобетонски конструктивни системи ;

- За пожарни оптеретувања од 25 до 50 кг/м^2, односно од 420-840 МЏ калоричната вредност на 1м^2 земјиште , може да се рече дека е средно и дека појавен пожар може да се пренесуваво непосредната околина;

- Пожарното оптеретување од 50 до 100 кг/м^2, односно од 840-1680 МЏ калорична вредност на 1м^2 земјиште, се оценува како зголемено и дека поинтензивен пожар се пренесува на соседните објекти;

- За оптеретување од 100-150 кг/м^2, односно од 1680-2520 МЏ калорична вредност на 1м^2 земјиште, се оценува како големо и постојат веројатности ќе се формираат површински пожари;

- За пожарно оптеретување преку 150 кг/м^2, оденосно преку 2520 МЏ калорична вредност на 1м^2 земјиште4 се смета дека е многу голема при што катастофалните површински пожари се неизбежни.

Со средно пожарно оптеретување се карактеризираат воглавно централ-ниот реон каде е застапена мешана градба и по материјал, и по старост и по катност и каде уличнат мрежа во поедини пунктови може да се јави како тесно грло во ефикасноста на интервенцијата за сузбивање на пожари. Со истото оиптеретување би се карактеризирала и работната зона под претпоставка на нејзина целосна реализација. До тогаш работната зона околу железничката пруга ќе се карактеризира со мало пожарно оптеретување, со исклучок на постојниот дел посебно објектите во кои се сместени Модните конфекции што се карактеризираат со зголемено пожарно оптеретување.

Со зголемено пожарно оптеретување би се карактеризирале и деловите од централното градско подрачје, каде има концентрација на деловни објекти, дуќани за текстил, бои и лакови, книжарници. И секако лоаклитетот на стотина времени објекти во населбата "Автокоманда".

Во рамките на урбаниот опфат не можат да се идентификуваат комплекси за кои биле карактеристични големо и многу големо пожарно оптеретување.

Едно појаснување: противпожарните прописи во високоградбата нормир-аат три степени на противпожарно оптеретување: ниско до 1256 МЏ/м^2 корисна површина.; средно од 1257 до 3350 МЏ/м^2 корисна површина; високо преку 3350 МЏ/м^2 корисна површина. Предложениот авторски критериум од 5 степени се однесува на вбкупнатаљ земјина површина на локацијата односно земјишниопт комплекс или опфат. Тоа значи дека пожарното оптеретување од сите објекти во комплексот се упростува-сведува на 1м^2 земјина површина.

И конечно, во плански мерки за заштита од пожари може да се смета и концепцијата на ГУП за потврдување на локацијата на постојната противпожарна станица за која се смета дека како објект и како локација ќе ги задоволи потребите на градот до планскиот период со тоа што бројот на вработените во истата треба да биде околу 25 пожарникари за да благовремено го опслужуваат просторот. (Закон за заштита од пожари"Сл.Вескик" бр.43/86

Во насловот на оваа глава покрај планските мерки за заштита од пожари, се бара да се разработат и мерките за заштита од други катастрофи. Тука најврјатно се мисли на заштита од земјотреси и воени разурнувања чија последица, покрај другото, се појавата на пожари. Што се однесува до земјотерсите се состои во примената на техничките прописи за асеизмичка градба, зависно од очекуваниот степен на сеизмичкиот удар. Што се однесува за мерките за заштита од воени разурнувања тие се разработени во посебнен Анекс на ГУП, а пожарите си се пожари без разлика што ги предизвикува.

24. ПЛАНСКИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ВОДАТА, ВОЗДУХОТ И ПОЧВАТА

За обработка на овој дел од програмата постојат два мошне значајни ограничувачки фактори, а тие се:

Прво: Во законот за заштита и унапредување на животната средина и природата ("Сл. Весник на РМ" , бр 69/96) ништо не е речено кои се начелните обврски што во изработката на просторните и урбанистичките планови треба да бидат спазувани и елаборирани од аспект на заштитата на трите животни медиуми (домување, работа и спорт и рекреација) и

Второ: не постои системско следење на состојбата во врска со загадувањето, врз основа на чии податоци би се правеле одредени заклучоци и би се предлагале плански мерки за заштита на средината. (Состојбите во оваа област се начелно изнесени во Глава 3.1. Точка (ж) во фазата Анализа, под името "Општи согледувања за состојабата на животната средина")

Таквата состојба ги доведува изработувачите на урбанистичките планови од било кој обем во ситуација да импровизираат текстови кои ги именуваат како елаборати за плански мерки за заштита на животната средина. Во таа смисла треба да се свати и овој текст.

Согласно изнесеното, како плански мерки за овој ГУП за заштита на водата (површинска и подземна) би можело да се сметаат следните:

1. Предвидување на градба на завршниот колектор на градската канализација со кои би се зафатиле сите (ама баш сите) слободни испусти на каналските гранки во станбената и уште поригорозно во работната зона и преку него би се пренесувале сите останати градски отпадни води до пречистителната станица во реонот на селото Софилари;
2. Градба на пречистителан станица и испуштање на пречистените води во река Лакавица западно во опфатот на урбаното подрачје;
3. Насоката за регулирање а потоа одржување и унапредување на чистотата на водотеците и нивните корита низ опфатот на урбаното подрачје. Во оваа смисла примат треба да добие регулација на рекара Отиња која минува низ градското ткиво и реката Брегалница на просторите каде го тангира градот.

Како плански мерки за заштита на воздухот би можело да се сметаат следните:

1. Определбата за обезбедување на градско греење , со што би се избегнале бројни индивидуални ложишта кои тешко можат да бидат под контрола, а чија емисија на чад и сумпорен диоксид од година на година се повеќе се чуствуваат во градот и во многу придонесуваат во присуството на смог;

2. Укажувањето на потребата постојните улици од повисок ред (магистрални и колекторски), покрај изградените коловози да се дооформат и со другите планирани елементи на поречните профили(тревници, дрвореди тротоари....) со што би се смалиле земјаните површини кои во постојната состојба се многу големи извори на прашина. Тоа воглавно значи дека во иднина и новопредвидените улици ќе мораат да се градат во нивните вкупно предвидени профили, ане како што се правеше во минатото: да се гради само коловозот , а останатите елементи да чекаат подобри денови.
3. Совесно одржување на постојното градско, парковско и скверно зеленило, а истовремено вложуваме напори за формирање на нови такви површини за кои според ово ГУП се предвидени околу 300ха за парковско и градско зеленило од градски и реонски значај.

Планските мерки за заштита на водата и воздухот се воедно и дел од мерките за заштита на почвата. Една мерка за заштита на почвата , која на прв поглед нема ништо заедничко со урбанистичкото планирање, а во суштина е длабоко од интерес на градот, е таа дека почитуваните жители на град Штип, кои солидно ги одржуваат своите домови било станови или дворни површини, треба исто така да се однесуваат и кој јавните и заедничките градски простори. Што во овој момент воопошто не може да се прифати.

И крајно, како плански мерки за заштита на водата, воздухот и почвата терба да се сметаат и определувањата искажани во Одредбите за спроведување на ГУП.

3. УРБАНИСТИЧКО АРХИТЕКТОНСКО ИСТРАЖУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

(АНАЛИЗА НА ПОСТОЈНАТА СОСТОЈБА)

3.5. Нестопанство

3.5.4. Култура

Културната дејност во градот се одвива во 6 објекти. Во постојниот ОУП се споменуваат четири поголеми сали : во народниот театар, во домот на култу-рата, во затворената киното сала и во летното кино. Во меѓувреме летното кино, во ова време на трансформации, е пренаменето во диско клуб и овој капацитет како сала го имаме изгубено. Капацитетот на салите е: во театарот и салата при домот на културата има 1.057 седишта а 1.100 седишта имаат кино салите од кои 620 во летното кино.

Народната библиотека има капацитет 160.000 книги, 1.860м^2 и 200 места во читалните. Историскиот архив има капацитет 2.500 м^2 архивска граѓа.

Табела бр. 7 Установи од културата, 1997 година

Вид на дејност	Број на вработени	Корисна површина во м^2	Парцела во ха	Старост на објектот во години	Дали објектот одговара	дали локацијата на објектот одговара
Народна библиотека	17	1.860	-	15	да	да
Дом на културата	16	3.100		15	да	да
Народна техника со аероклуб	4	880		21	да	да
Историски архив	14	1.192		17	да	да
Народен театар	26	564		67	треба реконструкција	не
Народен музеј	15	1.241			да	не
Радиостаница	4	100		38	не	не
Дом на млади	8	600		62	да	да
Кино	9	1.400		37	да	не
Работнички универзитет	12	2.060		32	објектот е за комплетна реконструкција	да
Пионерски дом	16	2.000		15	да	да
Вкупно	121	14.997				

Најголем број на објекти во кои егзистираат гореспоменатите дејности се изградени во последните дваесеттина години, така да нивната физичка состојба ги задоволува тековните потреби.

Мора да напоменеме дека последните неколку години во повеќето од овие објекти се одвиваат и работи кои се надвор од дејноста за која е изведен објектот.

Во зградата на Пионерски дом работи модна конфекција. Во објектот на библиотеката до пред извесно време егзистираше модна конфекција. Сево ова наведува на големи размислувања дека нешто не е како што треба во работењето на гореспоменатите институции.

3.5.6. Културно - историско наследство (Градителско наследство)

Штипско Ново Село преставува амбиентална целина со исклучително културно-историски вредности. Осумдесеттите години направен е детален план на овој простор од градот во кој е направена поделба на спомениците по категории,извршено е вреднување на одделни објекти и амбиентални целини и е одреден начин на кој може да се реализира нивната ревитализација. Меѓутоа во меѓувреме се реализираа неколку објекти при што не беа почитувани условите дадени од Музејот на заштита на спомениците на град Штип. Така Ново Село почна да губи од својата вредност.

Голема грешка е што се дозволи и асфалтирање на дел од ул."Никола Карев"и "Крсте Мисирков".

Во Заводот на заштита на спомениците на културата на град Штип регистрирани се вкупно 70 објекти-споменици на културата кои се ставени под заштита на законот.Тие се поделени во 3 категории:

1 категорија: -регистрирани се вкупно 41 објект од кои 18 во централната зона на градот и 23 во Штипско Ново Село(претежно народна архитектура);

2 категорија: -регистрирани се 27 објекти од народната архитектура во Штипско Ново Село;

3 категорија: -регистрирани се 2 објекта во Штипско Ново Село.

25. ОДРЕДБИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЛНИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ГРАД ШТИП

УСЛОВИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ИНВАЛИДИЗИРАНИ ЛИЦА

Чл.23

Врз основа на член 19 од Законот за системот на просторното и урбанистичкото планирање ("Сл.Весник на СРМ" број 38/90), Министреството за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија донесе Насоки за просторните стандарди и урбанистичко технички услови за потребите на инвалидизирани лица, со кои се одредуваат просторните стандарди, урбанистичко техничките услови и нормативи за спречување на создавање на архитектонско -урбанистички бариери, кои можат да го спречат или отежнат движењето на инвалидизираните лица.

Чл.24.

При реконструкцијата на објкетите, односно сообраќајниците, ако е тоа економски оправдано , да се вградат елементите на овие насоки, во смисла на изведба на рампи, обележување на стаклените површини закосување на тротоарите и сл.

18. СООБРАЌАЈ И СООБРАЌАЕН СИСТЕМ НА ГРАД ШТИП

18.12. Генерален опис за планираниот Сообраќаен Систем на гр. Штип до 2010 година

18.12.2. Примарна улична мрежа на град Штип по ГУП 2010 година

18.12.2.1 Градски магистрални улици 2010 година

ГРАДСКА МАГИСТРАЛА ГМ-1

Рбетот на градскиот уличен сообраќаен систем го чини градската магистрала ГМ-1 (види прилог "А"). Тоа е сегашниот коридор во продолжение на улиците "Железничка", "Гоце Делчев" и "Димитар Влахов". Започнува северозападно од градскиот центар при бифрукацијата на републичкиот магистрален пат М-5 на југ, кон Струмица како пат М-6 и на исток кон Кочани како М-5, односно на јазелот Штип-Велес-Кочани-Струмица. Минувајќи на југ од јазелот и западно од постојната железничка-товарна-патничка станица, ГМ-1 ја форсира индустриската зона и минува на левиот брег на река Брегалница. На просторот при постојната меѓумесна автобуска станица се спојува со втората по значај градска магистрала ГМ-2 формирајќи денивелирана раскрсница. Продолжувајќи на југ ГМ-1 со успон околу 6% навлегува во централното градско подрачје. Помеѓу црквата "Св. Архангел" и "Стар Конак" минува низ релативно тесен и густо изграден градски простор. Спојот со улица "Ванчо Прке" ја спојува ГМ-1 со sity-центарот. Продолжувајќи кон југ ГМ-1 оди со пад од околу 6% низ уште потесен коридор и со поголема обострана изграденост на просторот. Поминувајќи западно од црквата "Св.Никола" ГМ-1 се спојува со улицата "Маршал Тито" на десниот брег а со мост преку река Отиња и со улица "Генерал Михајло Апостолски", на левиот брег.

После црквата "Св. Никола", ГМ-1 се упатува на југозапад по јужната падина на ридот "Исар" стигнува до Ново Село и форсирајуќи ја река Отиња со кос мост, минува на левиот брег испод школото "Гоце Делчев" избива на лева обала на р. Брегалница. Заштитена со потпорен зид на левата обала (од р. Брегалница), ГМ-1 минува низ јужниот дел на Ново Село и навлегува во "Клисура" за да јужно од Градски гробишта, користејќи го коридорот на регионалниот пат Р 526 дојде до јужниот урбан кордон на град Штип, и јужно од мостот преку р. Брегалница, се спои со магистралниот пат М-6 кон Радовиш.

Главни ограничувачки фактори за брза изградба на ГМ-1 е потребата за рушење на градителското наследство на просторот од "Македонија пат" па се до влезот во "Клисура", како и изградба на нов мост-западно од сегашниот на р. Брегалница и р. Отиња.

(Делот на ГМ-1 (ул. "Гоце Делчев"-сега "Булевар Гоце Делчев" е реализиран на должина од околу 600м-од "Мал Одмор" до "Алумина"). Вкупна должина на ГМ-1 изнесува околу _____ м.

Сообраќајно значење на градската магистрала ГМ-1 во системот на примарната улична мрежа се состои во следното:

- Служи за далечинскиот иззворно-целен сообраќај-директно поврзувајќи го системот на приамрната улична мрежа и Центарот на градот Штип со магистралните патишта:

  М-5 на север и северо-запад преку Велес

  М-5 на исток со Кочани и Р. Бугарија

  М-6 на југ со Радовиш-Струмица-Неготино-Кавадарци и западниот дел на Р.Македонија и на југо-исток преку преминот Ново Село кон Р. Бугарија.

- Во внатрешниот сообраќај се наоќа на најоптовареният правец на "и-ц" сообраќај на позиција "дом-работа", односно на докажаите во сообарќајната студија најинтензивни магнитуди во вршните часови на оптоварување по насока градски центар-север-северо-запад.
- По ГМ-1 се одвиваат сите линии на јавниот меѓумесен сообарќај кон север-исток-запад-југ,
- Посредно учествува во дистрибуција и на тратнзитни сообраќајни текови по насока Север-Плачковица и Југ-Плачковица, како и товарен сообраќај од Автотоварниот терминал "Нико Петрол".
- Според картограмот на сообраќајното отповарување денес, и во 2010 година е најоптоварената улица од приамрната мрежа.
- Со планираните раскрсници: "Стара бензинска станица", "Алумина", "Мал Одмор" и "Ванчо Прке" таа ќе претставува главен коридор и регулатор на сообраќајните потреби на градот до 2010 година.
- Особено значајна улига ГМ-1 треба да одигра за "приближување" на патничко-товарниот железнички сообраќај кон градскиот центар на Штип. Со својата дисспозиција западно од постојнаат зграда на железничката станица и со своето високо ниво на услуга, со правилно испланирана сообраќајна технологија, ГМ-1 има услови да овозможи натамошно отстојување и развој на железопатниот сообраќај на истата локација, но со современи и атрактивни технолошки решенија на железничкиот сообраќај, како и со урбанистички осмислен станичен плоштад помеѓу ГМ-1 и постојната зграда на железничката станица во Штип.

Градска магистрална улица ГМ-2

Втора по сообраќаен значај во системот на примарната улична мрежа во град Штип, е градската магистрална улица ГМ-2.

Сегашниот коридор на постојната булеварски решена улица "Партизанска" на делот од меѓумесната автобуска станица преку раскрсницата со ул. "Брегалничка", "Дујле" до ул. "Сремски фронт" претставува дефинитивно решение до 2010. На овој дел останува неизграден денивелираниот патен јазел со недоизгарденатa ГМ-1, но и да се доизгради до северниот кордон ("Баби").

Започнувајќи на крајниот северен дел на централното градско подрачје, ГМ-2 се протега кон север и клони кон северо-исток, поврзувајќи ги Штип со регионот на планина Плачковица по регионалниот пат Р 601. Протегајќи се од меѓумесната автобуска станица до северниот урбан кордон при населбата "Баби" ова примарна улица ГМ-2 го напуштта урбаниот простор продолжувајќи по регионалниот пат Р 601 кон Плачковица. Вкупна должина на ГМ-2 изнесува околу _____м.

Сообраќајниот значај на градската магистрална улица ГМ-2 во системот на примарната улична мрежа се огледа во следното:

- Служи за директно сообраќајно поврзување на Штип со регионите на североисток кон планината "Плачковица"
- По нејзе се одвива транзитниот дел на сообраќајот по насоките:

  Север - Плачковица и обратно

  Исток - Плачковица и обратно

  Југ - Плачковица и обратно
- Посредно ги поврзува (преку планираните собирни улици) новоизградените станбени населби од североисточниот урбан простор со законите за работа во северозападниот и просторот на централното градско подрачје.
- На нејзе се поврзуваат сите собирни улици од примарната мрежа од левиот и десниот брег на р.Брегалница како и левиот и десниот брег на р. Отиња.

(Сообраќајниот значај на магистралните улици ГМ-1 и ГМ-2 бил согледан и во постојниот концепт на примарната улична мрежа со ОУП на Штип од 1984 година, поради што, делумно се изградени и нивната дефинитивна изградба треба да продолжи во периодот кој следи до 2010 година).

Градска магистрална улица ГМ-3

За сообраќајно "оживување" на планираните функции на просторот ("Пребег" и "Мерите" на југ до "Рибнички чешми" и тој со регионалниот пат Р 526 кон Радовиш, а на североисток до спојот со магистралниот пат М-5 кон Кочани (низ планираните работни зони и тангирајќи ги планираните станбени населби) се протега, третата по важност, градска магистрална улица ГМ-3. По својата должина таа поврзува, исто така, важни улици (магистралната улица МГ-1 (кај стара бензинска пумпа) и повеќе собирни улици од десниот и левиот брег на реките Брегалница и Отиња.

Сообраќаен значај на градската магистрална улица ГМ-3 во системот на примарната улична мрежа на град Штип

- Делот од транзитниот сообраќај од север, исток и југ, индиректно, преку планираните собирни улици со артеријално значење, ги упатува кон регионот на Плачковица, без истиот да го оптоварува централното градско подарчје.
- Целиот планиран урбан простор директно го поврзува со далечинскиот изворно-целен сообраќај на северо-исток кон Р.Бугарија, на север индиректно, преку МГ-1 и М-5, а на југ, индиректно преку регионалнииот пат Р 526 и магистралниот пат м-6 кон граничниот премин Ново Село за Р.Бугарија.
- Посебно место, значај и улога, оваа магистрална градска сообраќајница ќе има во реализација на новопланираните функции на овој урбан простор западно од централното градско подрачје, а на исток од постоечкиот магистрален пат М-6.

18.12.2.2. Градски собирни улици 2010 година

Градска собирна улица СУ-2

Прва според актуелниот сообраќаен тренд и голема преотповвареност по насока север-северозапад, северо-исток, посебно во "вршните часови" од внатрешните сообраќајни "пендел" тонови на позиција "дом-работа" е градската собирна улица со ознака СУ-2. Таа се протега по коридорот на постојните улици "Брегалничка"-"Карл Маркс"-"Вардарска" започнувајќи со "Т" раскрсница (површинска-самофоризирана) со ГМ-1 кај "Мал одмор". Пружајќи се на исток таа ја премостува р. Брегалница ("Камениот мост") и во продолжение се крстосува (со површинска-"проширена"-семафоризирана раскрсница "Дујле" со градската магистрална улица ГМ-2 ("Партизанска"), потоа со "проширена" т-коса рачва се вкрстува со собирната улица "Борис Кидрич" и продолжувајќи на исток завршува на планираната раскрсница СУ-2-СУ-1-СУ "Сутјеска".

Вкупната должина на СУ-2 изнесува _____м.

Сообраќајниот значај на СУ-2 се состои во следното:

- на сите станбени улици по својата должина, на потегот "Дујле"
- до ул. "Еврејска", овозможува сообраќајни токови за внатрешен, приградски, меѓумесен и далечински сообраќај по насока исток-запад, поврзувајќи ги преку себе со градските магистрални улици ГМ-2 и ГМ-1, како и со собирната улица "Борис Кидрич".

Градска собирна улица СУ-1

Планирањето на градската собирна улица СУ-1 произлегува од неопходноста да на овој простор постои градска улица која ќе ги "поврзе" двата изградени простори на левиот и десниот брег на р. Отиња-на крајниот источен дел од централното градско подрачје.

Оваа улица започнува со раскрсница помеѓу неа и собирната улица "Ген. Михајло Апостолски" во просторот кај Полициската станица во Штип, косо премостувајќи ја р.Отиња се во ниво со собирната улица "Христијан Т.Карпош" се упатува на север кон "Бело Брдо". Минувајќи низ субстандардни објекти (со делумно рушење) и форсиран успон (околу 12-14%) се спојува со површинска раскрсница со СУ-2, СУ-"Сутјеска". Во продолжение (по "Радански пат") се упатува на цеверо-исток и по постојната улица "Борис Крајгер" свртува на запад низ населбата "Сењак" каде се врстува (во ниво) со ГМ-2 ("Партизанска). Во продолжение на запад ја премостува р. Брегалница (во близина на локалитетот "Фортуна") и покрај постоечки бунари (стари), и во висина на ф-ка "Алумина" се спојува со ГМ-1. После оваа раскрсница, продолжува на запад низ населбата "Пребег", ја пресечува (раскрсница во ниво) ГМ-3 и во продолжение на погодно место, минува испод магистралниот пат М-6, (вон урбаниот простор).

Сообраќајниот значај на гардската собирна улица СУ-1 во системот на примарната улична мрежа на град Штип се состои во следното:

- Врши поврзување на соседните простори на дватаброга на реките Отиња и Брегалница.

- Создава реална можност за растоварување на строгиот центар на градот со можноста да по себе, односно по собирните улици, ги упати на север (и кон пазарот) интензивните токови на внатрешниот сообраќај на позиција "дом-работа".
- Овозможува директни врски за меѓуградски токови без оптоварување на строгиот центар, посебно кон север и кон северо-исток према МГ--1, МГ-2 и СУ-3.
- Со реализација на изградба на оваа СУ-1, ќе се почувствува значително растоварување на улиците: "Маршал Тито", "Борис Кидрич", "Иво Лола Рибар", "Славчо Стојменски", "Еврејска" и "Ген.Михаило Апостолски" и други во централното градско подрачје ("Гоце Делчев" на делот црква "Св. Никола"-"Мал Одмор")
- По оваа улица, како и по останатите магистрални и собирни улици се планирани и линиите на јавни превозни средства за јавниот автобуски сообраќај.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ШТИП

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ: 80/4

ГУП: измена и дополнување на ГУП 2010-
-Штип(просторна разместеност на бензински станици)

Број: 17-108/13 од 18.03.2013 год.

Одлука бр: 0701-3581/1 од 24.11.2006год.

Сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита на животна средина

М= 1: 12500

ИЗВОД ЗА ДЕЛ ОД УЕ:

СОДРЖИ:

1. **ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**
   - Заверена копија од синтезен план во идентична форма со граници на плански опфат за кој се однесува барањето за изводот со:
     - Легенда
     - Профили на примарна сообраќајна и друга инфраструктура

2. **ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:**
   - Заверена копија од: општи и посебни услови за градење, параметри за споредување на планот, мерка за заштита на културно наследство, на природата и животната средина, мерки за заштита и спасување, мерки за движење на хендикипирани лица и сл.

Изготвил:арх.тех.Викторија Инџекарова

Контролирал:дги.Силвана Николова

ОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ ОД ОПШТИНАТА

диа.Елена Арсова



ЛЕГЕНДА

МАГИСТРАЛНИ СООБРАКАЈНИЦИ

9 — бул. "гоце делчев"
1 — ул. "димитар влахов"
2 — бул. "партизанска"
7 — бул. "брегалничка"
4 — бул. "гоце делчев"
5 — бул. "партизанска"

СОБИРНИ СООБРАКАЈНИЦИ

6 — ул. "родољуб чолаковиќ"
8 — ул. "борис крајгер"
3 — ул. "вељко влаховиќ"

10 — М - 5 — ШТИП-пат-ВЕЛЕС

11 — М - 6 — ШТИП-пат-СТРУМИЦА

Табела бр. 1 (билансен приказ на предвидена површина на ГУП 2000 - 2010)

р.бр.	Намена на површина	Површ.во ха.	Процент%
1	домување	557.5	27.3
2	Површина за работа	515.0	25.2
3	Зеленило,спорт,рекреација	487.00	23.8
4	Централни функции	39.0	1.9
5	Специјална намена	140.0	6.8
6	улици	25.0	1.2
7	останато	276.0	13.5
	Вкупно	2039.5	100

ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА ПРОСТОРНА РАЗМЕСТЕНОСТ НА БЕНЗИНСКИ СТАНИЦИ (ВО ОПФАТ НА ГУП)
ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА

Р БР.	ЛОКАЦИЈА, УЛ. ,НАСЕЛБА	ИМА -НЕМА ИЗГ.	П=ХА
1	ул "Димитар Влахов", нас. Ново Село"	има	0.23
2	ул."Партизанска" нас."8ми ноември", "Автокоманда	има	0.44
3	ул."Вељко Влаховиќ" нас."Пребег",	има	0.12
4	ул."Гоце Делчев" инд. зона	има	0.41
5	ул."Партизанска" нас."Баби",	нема	0.25
6	ул "Родољуб Чолаковиќ", нас. "Сењак 4"	нема	0.77
7	нас."Балканска"	нема	0.14
8	ул "Борис Крајгер", нас. "Сењак 3"	нема	0.18
9	ул "Гоце Делчев", (кружен тек)	нема	0.31
	ВКУПНПО		2.85

ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА ПРОСТОРНА РАЗМЕСТЕНОСТ НА БЕНЗИНСКИ СТАНИЦИ (НАДВОР ОД ОФАТ ОПФАТ НА ГУП)
(ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА)

Р БР.	ЛОКАЦИЈА, УЛ. ,НАСЕЛБА	ИМА -НЕМА ИЗГ.	П=ХА
11	магистрален пат М6 7-км	има	0.2
10	магистрален пат М5 нас. Три Чешми	има	0.5
	ВКУПНО		0.7

ИЗВОД ОД ГУП 2010 ШТИП

(ПРОСТОРНА РАЗМЕСТЕНОСТ НА БЕНЗИНСКИ СТАНИЦИ)

М=1:12500

ПРЕДВИДЕНА ПРОЕКЦИЈА 2005-2015

ЛЕГЕНДА:

ПОСТОЕЧКИ БЕНЗИНСКИ СТАНИЦИ

ПЛАНИРАНИ БЕНЗИНСКИ СТАНИЦИ

ПЛАНИРАНА ПРИМАРНА УЛИЧНА МРЕЖА

4. НОВО ПРЕДВИДЕНА ПРОЕКЦИЈА

Местоположбата на градот Штип во однос на соседните градови,потоа мрежата на селски населби во рамките на општината,како и фактот што во градот со концентрирани значителни производни капацитети,укажува потребата Штип да биде редовно снабден со сите стандардни видови гориво и други нафтени деривати.

Спрема Европските стандарди за формирање на мрежа на бензински станици во населени места ,се предвидува една бензинска станица на 1000 регистрирани возила.

Но со оглед на сегашното ниво на развој на регионот,европските стандарди можат да се оценат како престроги и за македонските потреби.

Може да се прифати еден среден критериум на 1500-до2000 регистрирани возила да се предвиди една бензинска станица.

Според донесениот ГУП на Штип во општината Штип во 2010 год. треба да живеат преку 55 500 жители, а во општината ке има регистрирано

15 660 моторни возила од што произлегува дека во градот треба да има изградено најмалку 9 бензински станици. а во општината 11

Бензинските станици треба рамномерно да бидат распоредени во рамките на општината, во близина на селските населби.

Овие станици треба да се со помал капацитет и со ограничен асортиман на гориво, првенствено дизел гориво за потребите на земјоделието.

Исто така се планирани две бензински станици на влезно излезните правци од Штип.

Со цел да се постигне порамномерна покриеност на градот со бензински станици, а притоа имајќи ги во предвид вообичаените критериуми,потребно е на територијата на градот да се предвидат покрај постојните плански и изградени 9 да се предвидат уште две.

Во графичкиот дел на прилогот бр 1 јасно се прикажани постојните и планираните бензински станици односно како ново предложени се јавуваат два локалитети и тоа во нас ."Сењак 3" и во индустриската зона "Север" непосредно до таканаречен "кружен тек".

За таа цел со предложената промена, во просторот за услужни дејности се предвидува бензинска станица во насела "Сењак 3", како и во просторот за мало стопанство лоциран непосредно до кружниот тек на влезот во градот во индустрискиот дел на бул "Гоце Делчев", која треба да биде што поблизу до потрошувачите.

ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА ПРОСТОРНА РАЗМЕСТЕНОСТ НА БЕНЗИНСКИ СТАНИЦИ (ВО ОПФАТ НА ГУП) ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА

Р БР.	ЛОКАЦИЈА, УЛ. ,НАСЕЛБА	ИМА -НЕМА ИЗГ.	П=ХА
1	ул "Димитар Влахов", нас. Ново Село"	има	0.23
2	ул."Партизанска" нас."8ми ноември", "Автокоманда	има	0.44
3	ул."Вељко Влаховик" нас."Пребег",	има	0.12
4	ул."Гоце Делчев" инд. зона	има	0.41
5	ул."Партизанска" нас."Баби",	нема	0.25
6	ул "Родољуб Чолаковик", нас. "Сењак 4"	нема	0.77
7	нас."Балканска"	нема	0.14
8	ул "Борис Крајгер", нас. "Сењак 3"	нема	0.18
9	ул "Гоце Делчев", (кружен тек)	нема	0.31
	ВКУПНПО		2.85

ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА ПРОСТОРНА РАЗМЕСТЕНОСТ НА БЕНЗИНСКИ СТАНИЦИ (НАДВОР ОД ОФАТ ОПФАТ НА ГУП) (ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА)

Р БР.	ЛОКАЦИЈА, УЛ. ,НАСЕЛБА	ИМА -НЕМА ИЗГ.	П=ХА
10	магистрален пат М6 7-км	има	0.2
11	магистрален пат М5 нас. Три Чешми	има	0.5
	ВКУПНО		0.7

5. АНАЛИЗА НА ПОВРШИНИ

Ако се погледа билансот на површина на територијата на општината ке се забележи дека површината за работа изнесува 515.5 ха и површината за домување изнесува 557.5 ха.

Овие две ставки ги анализираме заради фактот што новопредвидените локации за бензинска станица бр 10 , бр 11 се предвидуваат на простор за услужни дејности на улица "Борис Крајгер" со површина 0.18 ха и локацијата бр 11 на површина наменета за мало стопанство, површина во приватна сопственост повратена со денационализација со површина од 0.31 ха

Табела бр. 1 (билансен приказ на предвидена површина на ГУП 2000 - 2010)

р.бр.	Намена на површина	Површ.во ха.	Процент%
1	домување	557.5	27.3
2	Површина за работа	515.0	25.2
3	Зеленило,спорт,рекреација	487.00	23.8
4	Централни функции	39.0	1.9
5	Специјална намена	140.0	6.8
6	улици	25.0	1.2
7	останато	276.0	13.5
	Вкупно	2039.5	100

6. СООБРАКАЈНА АНАЛИЗА

Битен фактор при планирањето на поставувањето на локациите за бензинска станица прдставува и анализата на сообракајот.

Особено пристапот до новопредвидените локации.

Локација "Сењак 3" .Пристапот е од улица "Борис Крајгер" како собирна улица "СУ" која го поврзува стариот дел на градот населбат а " Радански пат" со новоформираните населби "Сењак 3" "Сењак 4" "Баби" со профил (2х3.5) коловоз и 2Х4 м тротоар односно вкупно 15. оо м профил

,сообраќајница која по ГУП оди по нов мост на р Брегалница и се поврзува со булевар "Гоце Делчев".

Локација во индустриска зона "Север" непосредно до "кружен тек" гравитира према булевар "Гоце Делчев" која е со вкупна ширина од 45.оо м или 2х10.5 м коловоз со разделно зеленило и пешачка и тротоарска патека од двете страни.

Пристапот до локацијата е од сервисна улица а излезот е директно на кружниот тек.

Сите останати локации кои се предвидени а не реализирани се детално анализирани во предходниот ГУП во делот за просторната разместеност на бензинските станици.

Новата функција на бензинската станица бара и соодветен третман во сообраќајното решение во смисла на приклучување и исклучување до неа со соодветни места кој ќе обезбедат непречено одвивање на сообраќајот по оваа улица.

7. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Функцијата на точење на гориво односно бензинзинска станица према правилникот за заштитни санитарни зони спага во 5 категорија каде се дефинираат стриктно мерките за заштита на околните објекти во која зона ќе се насади ниско и високо зеленило како изолационо зеленило.

Затоа при изработката на ДУП издавањето на услови за градба да се почитуваат максимално нормите од правилникот за заштитни зони.со минимална заштитна зона од 20 м.

8 . ПАРАМЕТРИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПЛАНОТ

Бидејќи се работи за веќе постоечки локалитети, а со оглед на фактот дека во ГУП 2010 постојат параметри за спроведување на планот, затоа сите елементи кои ќе произлезат при изработката на ДУП на овие локалитети потребно е да бидат во склад со параметрите на важечкиот ГУП 2010 (односно 2004-2014) и усогласени со важечките правилници за планирање на просторот.

Изградбата на нови објекти, изградба на комунални објекти и инсталации како и вкупно просторно уредување на предметните локалитети треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот како и овие параметри што се составен дел на документацијата.

Параметрите кои следуваат, а се основен дел од Измената и Дополнувањето на ГУП 2010 се однесуваат само на локалитетот кој се се спомнуваат во предходниот дел од текстот.0

8.1 Регулациони и градежни линии (РЛ), (ГЛ) не се дефинирани можните локации се само графички означени. Дефинирањето на парцелите ќе следи во соодвените ДУП.

8.2 Градежната линија (ГЛ) во делот на градба на објекти се дистанцира од границата на парцелата.

8.3 Максималните висини на предвидените објекти заедно со потребните настрешници и пратечки објекти да бидет дефинирани во ДУП. а во склад со Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот,

8.4 Параметрите во однос на процент на изграденост, како и на коефициент на искористување на земјиштето ке се движат во рамките на предвиденото со Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот 2/02 и измени на Правилникот 50/03, и тоа 70% за изграденост напратечките објекти, а коефициентот на искористеност по урбанистички парцели ќе бидат предмет на ДУП.

8.5 При оформување на содржините во рамките на локалитет се применуваат соодветни мерки за заштита на животната средина, посебно за уредување на парковски зеленила, уредување на зелени површини особено изолациони зеленила, а поконкретно разработени на ниво на детален урбанистички план или на ниво на идеен проект.

8.6 Зоната за зеленило е предвидена на сите слободни површини и дворови, утврдување на подетални параметри за организација на просторот за оваа зона ке се врши во ДУП со примена на параметри од Правилникот.

8.7 При изработка на ДУП или изработка на урбанистички проект се применуваат параметри од Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот (службен весник на Р.М.) бр. 2/2002 и Правилникот за измена и дополнување на правилникот за стандарди и нормативи за уредување на проторот, (Служ. весник на Р.М. бр. 50/2003).

8.8 Потребите на стационарен сообраќај (паркирање и гаражирање) ќе се решава во рамките на локациите, а во зависност од потребите и одредбите на правилникот за стандарди и нормативи за планирање на просторот (службен весник на Р.М. бр. 02/2002) и правилникот за измена и дополнување на на правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот (службен весник на Р.М. бр. 50/2003).

8.9 При изградба на нови објекти и содржини во просторот се применуваат мерките за спречување на *бариери* во просторот односно се овозможува непречено движење на хендикипитаните особи особено во делот на достапноста до објекти , односно сите објекти во комплексите .

8.10 Третманот на сите отпадни води ќе се врши со прочистување и испусти во р. Брегалница.

8.11 Во поглед на инфрастуктурата се применуваат сите параметри кои важат во постоечкиот ГУП 2010

8.12 Како заштита од сеизмички дејства за новопредвидените објекти потребно е применување на принципите на асеизмичко градење на објектите и тоа со заштита од IX степени по MCS скалата.

8.13 Сметот ќе се одлага во градската депонија со претходно собирање во лимени контејнери чија местоположба е лоцирана во ДУП и урбанистички проекти за поедини локации.

ж

8. РЕЗИМЕ

Со предложената измена на ГУП на просторот околу ул."Борис крајгр" и бул. "Гоце Делчев"со која се предвидува една зона за услужни дејности во која е предвидена и бензинска станица, сметаме дека како изготвители на измената на ГУП, ке се створат услови да просторот кој моментално е целосно запуштен, да представува објект односно функција која ке биде во функција на снабдување на граѓаните со течни горива и тоа што е можно поблизу до нивните домови, а истовремено ке го оплемени просторот и ке му даде нова димензија во изглед, силуета ,и просторна композиција.

Од тие причини оценуваме и ја предлагаме промената во ГУП со пренамена на просторот за бензински станици иако во ставовите во ГУП во смисла на снабдување на граѓаните не е дефинирано овој вид на услуга дали представува специфичен тип на услуги а битно поврзан со сообраќајниот систем во градскот о ткиво.

За спроведување и реализирање на предложената измена и дополнување на ГУП што се однесува на спомнатите локации ке се применуваат сите одредби за реализација кои се донесени во ГУП 2010 година. а кои не се опфатени со прдходно цитираните во точка 8.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ШТИП

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ:80/6

ГУП: измена и дополнување на ГУП2010-Штип

Број: 17-108/13од 18.03.2013 год.

Одлука бр: 0701-2108/1 од 02.07.2007год.

Сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита на животна средина

М= 1: 10000

ИЗВОД ЗА ДЕЛ ОД УЕ: 47,16,17 и 53

СОДРЖИ:

1. **ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**
   - Заверена копија од синтезен план во идентична форма со граници на плански опфат за кој се однесува барањето за изводот со:
     - Легенда

2. **ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:**
   - Заверена копија од: општи и посебни услови за градење, параметри за споредување на планот, мерка за заштита на културно наследство, на природата и животната средина, мерки за заштита и спасување, мерки за движење на хендикипирани лица и сл.

Изготвил:арх.тех.Викторија Инџекарова

Контролирал:дги.Силвана Николова

ОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ ОД ОПШТИНАТА

диа.Елена Арсова

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА ШТИП *

ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ШТИП Р=10000

(ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА) (ПРЕДЛОГ-ПЛАН 2006-2016 (ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА))





ЛЕГЕНДА

ДОМУВАЊЕ
- ПОСТОЈНО ДОМУВАЊЕ
- ИДНО ДОМУВАЊЕ

РАБОТНА ЗОНА
- ПОСТОЈНА РАБОТНА ЗОНА
- ИДНА РАБОТНА ЗОНА
- НЕЧИСТА РАБОТНА ЗОНА

ОПШТЕСТВЕН СТАНДАРД
- ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ
- РЕОНСКИ ЦЕНТРИ
- ОБРАЗОВАНИЕ
- ГРАДСКА БОЛНИЦА
- ЗДРАВСТВЕН ДОМ

ПАРКОВСКО РЕКРЕАТИВНА ЗОНА
- СПОРТСКИ ТЕРЕНИ
- ПАРКОВСКО ЗЕЛЕНИЛО
- ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО

ОСТАНАТО
- ГРОБИШТА
- КАСАРНА
- КЛАНИЦА
- ЗАВОД ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ДЕЦА СО ОШТЕТЕН СЛУХ И ГОВОР ("ИСКРА")
- ЖЕЛЕЗНИЧКА СТАНИЦА
- АВТОБУСКА СТАНИЦА
- МЕТЕОРОЛОШКА СТАНИЦА
- ДЕПО ЗА ТОВАРНИ ВОЗИЛА
- ПРОТИВПОЖАРНА СТАНИЦА
- ФИЛТЕР СТАНИЦА
- ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА ЗА ОТПАДНИ ВОДИ
- ПУМПНА СТАНИЦА
- ЖЕЛЕЗНИЧКА ПРУГА
- УЛИЧНА МРЕЖА
- ВОДЕН ТЕК
- ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖЕН РЕОН
- ГРАНИЦА НА УРБАНО ПОДРАЧЈЕ
- УНИВЕРЗАЛНА СПОРТСКА САЛА

ПРЕНАМЕНЕТИ НАМЕНИ НА ПОВРШИНИ НА УР ЕДИНИЦИ

- 53 — Г2,Г3,Г5 — Г ПРОИЗВОДСТВО ДИСТРИ.СРЕВИСИ; Г2 ПЕСМЕ ИНДУСТРИЈА; Г3 СЕРВИСИ; Г5 БЕНЗИНСКА ПУМПА
- 47 — Б1 — Б КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ; Б1 МАЛИ КОМ. И ДЕЛОВНИ ДЕЈН.
- 16 — В4 — В ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ; В4 ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ
- 17 — А1 — А ДОМУВАЊЕ; А1 ВИКЕНД КУКИ
- Д — Д ЗЕЛЕНИЛО; Д1 ПАРКОВСКО ЗЕЛЕНИЛО; Д2 ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО; Д3 СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА

- ЛИНИЈА НА РАЗГРАНИЧУВАЊЕ РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
- ГРАНИЦА НА УРБАНИ ЕДИНИЦИ КОИ СЕ РАЗРАБОТУВААТ БР 47,16,17 И 53

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ШТИП

ПОСТОЈНА ПРОЕКЦИЈА ПРЕМА ГУП - 2010 ЗА У.Е. 47,16 , 17 и 53 И МОЖНОСТ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ

Како локалитет кој се анализира и е интересен како простор кој треба да се пренамени е просторот на северозападниот дел од нас "Баби" непосредно до вкрстувањето на ул Лески и регионален пат р-501 У Е 47 ,со намена претежно домување и мал дел јавна установа (детска градинка)како и комерцијални објекти.

УЕ 16 која е лоцирана на југоисточит дел од градот непосредно до новопредвидната брана на р Отиња со површина од 23.5ха а со намена спорт и рекреативно зеленило .

У Е 17 представаува интегрална целина со предвиденото езеро на р. Отиња со намена рекреативно зеленило со површина од 125 ха

У Е 53 е со намена работна зона за производство, сервиси со мал дел на зеленило со вкупна површина од 11.00 ха

Во наредната табела дадени се билансни показатели за У.Е. бр. 47 16 и 17 и 53.

Табела бр 4. БИЛАНСЕН ПОКАЗАТЕЛ НА ПОВРШИНИ ВО У Е 47 (ПОСТОЕН ГУП)

НАМЕНА	ПОВРШИНА (ХА)	%
ДОМУВАЊЕ А1	11.3	61.9
КОМЕРЦИЈАЛНИ ОБЈЕКТИ Б1(ПОСТОЈНИ)	1.2	6.6
ЈАВНИ ФУНКЦИИ ДЕТСКА ГРАДИНКА Б1	0.5	2.70
СООБРАКАЈНИЦИ	2.0	10.9
ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО Д2 Д1 ПАРКОВСКО ЗЕЛЕНИЛО)	3.3	18.0
ВКУПНО	18.3	100

Табела бр 5. БИЛАНСЕН ПОКАЗАТЕЛ НА ПОВРШИНИ ВО У Е 16 (ПОСТОЕН ГУП)

НАМЕНА	ПОВРШИНА (ХА)	%
СПОРТСКИ ТЕРЕНИ РЕКРЕАЦИЈА Д1,Д2,Д3	23.5	100
ВКУПНО	23.5	100

Табела бр 6. БИЛАНСЕН ПОКАЗАТЕЛ НА ПОВРШИНИ ВОИ У Е 17 (ПОСТОЕН ГУП)

НАМЕНА	ПОВРШИНА (ХА)	%
СПОРТСКИ ТЕРЕНИ РЕКРЕАЦИЈА Д1,Д2,Д2	125.00	100
ВКУПНО	125.00	100

Табела бр 7. БИЛАНСЕН ПОКАЗАТЕЛ НА ПОВРШИНИ ВОИ У Е 53 (ПОСТОЕН ГУП)

НАМЕНА	ПОВРШИНА (ХА)	%
ЛЕСНО ПРОИЗВОДСТВО ,СЕРВИСИ Г2,3,4	9.8	89.
ЗЕЛЕНИЛО Д2	1.2	11
ВКУПНО	11.00	100

Табела бр 8 движење на населението од 1994-2010

	Вкупно население во Општината Штип	Население само во градот Штип		Население во селските населби	
		број	%	број	%
1994	46.372	41.730	90,0	4.642	10,00
1996	47.515	42.861	90,2	4.654	9,80
2000	49.533	44.859	90,56	4.674	9,44
2005	52.325	47.595	90,96	4.730	9,04
2010	55.546	50 .546	91,00	5.000	9,00

Табела бр 9 движење на населението од 2010- 2015

	Вкупно население во Општината Штип	Население само во градот Штип		Население во селските населби	
		број	%	број	%
2010	55.546	50 .546	91,00	5.000	9,00
2015	63.100	57.420	90.00	5.680	10.00

Врз база на податоците од постојниот ГУП2010 во делот на демографија прогнозите за движење на населението во табела 8 се дадени податоци на вкупен број на жители во градот и селските населби ,и од овие податоци со предвидениот пораст од предходите години на населението во табела бр 9 се приказани вкупниот очекуван број на жители во градот и селските населби.

Оваа се податоци за вкупниот број на жители во градот кои ако се споредат со предложените измени во ГУП каде наменатата на површините е дел за викенд домуваньево уе 16 и уе 17 може да се заклучи дека предвидениот пораст ке се концетрира во веке изградеиот станбен фонд и

во просторите кои се предвидени во западниот дел на градот како простор за идно домување, додека викенд домувањето се појавува како паралелно односно алтернативно второ домување од повремен карактер.

Просторот кој е анализиран во УЕ 47 е слободен и неангажиран од лице место се забележуваат само парцелизираност на земјиштето со постојни жичани огради .

Во УЕ 16 мора да напомениме дека како што е прикажано во табелата предходно е со п=23.5 ха и на лице место постојат две парцели со намена јавна администрација и тоа ЈП "ИСАР" И шумско стопанство СЕРТА"лоцирани овде од пред 40 години а зафакаат простор од 1.6 ха .

Карактеристично за УЕ 17 е што на теренот постојат голем број на веке изградени викенд куки со површини кои одстапуваат од нормативите за викенд домување а се повеке се приближуваат кон повисока класа на домување земајќи ја во предвид големината на изградената површина .

За У Е 53 значајно е дека 89 % од површината е наменета за работа останатиот дел за заштитно зеленило со 11%.

Можности за просторен развој во опфатите кои се цитирани се наметнуваат и тоа :

- На УЕ 47 слободниот простор кој е лоциран помеѓу постојното домување и обиколната сообраќајница и улицата "Лески" може да се намени за комерцијални објекти каде сообраќајните врски се квалитетни и на тој начин ке се обезбеди соодветен развој со подигањето нивото на овој тип на услуга .
